## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 јули 2005 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 11,03 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам 104-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ќенан Хасипи, Ангелка Пеева Лауренчиќ, Аднан Ќахил, Ванчо Ѓоргиев, Рафет Муминовиќ, Љубчо Георгиевски, Ѓорѓи Трендафилов, Али Ахмети, Теута Арифи, Абдулади Весели, Љубе Бошковски, Никола Груевски и Петар Наумовски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Без да го утврдуваме кворумот на почетокот на седницата сакам да ве известам дека дел од пратеничките групи сеуште имаат координација по однос на прашањата кои што се на дневен ред на денешната седница и додека ги завршат консултациите и дојдат останатите пратеници објавувам пауза до 11,30 часот.

Значи продолжуваме во 11,30 часот.

(Пауза од 11,05 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,33 часот)

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Во меѓувреме пратеници влегуваат во салата).

Во ред е, имаме повеќе од 61 пратеник присутен во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството рпатеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: Претседателот на Република Македонија, Претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, Претседателот на Републичкиот судски совет, Генералниот директот на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија.

Записните од 55-та и 98-та седница на Собранието ви се доставени.

Дали има некој забелешки на записниците? (Нема)

Констатирам дека записницит еод 55-та и 98-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија согласно член 172 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита, со Предлог на закон Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон Ви се доставени.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата овој закон да се донесе во скратени рокови на оваа седница.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата од донесување по скратена постапка на законот за социјална заштита, со Предлог на закон до Собранието.

Има збор минситерот за труд и социјална политика при Владата на Република Македонија господинот Стевче Јакимовски.

Повелете господине Јакимовски.

**Стевче Јакимовски:** Овие измени на Законот за социјална заштита ги предлагаме од едноставна причина што кај одредени делови односно категории на граѓани кои што се наоѓаат навистина во тешка материјална состојба, особено кај корисниците на постојана парична помош, а кои што се под материјалниот ценз односно 20% под просечната плата во Републиката по член на семејство, примањата кои што тие ги имаат не го исполнуваат условот. Тоа е навистина ранлива категорија на граѓани кои што во семејството имаат шисофреничари, имаат наркомани и тешко болни и т.н. и се во исклучително тешка материјална состојба сметаме што е можно побрзо треба да интервенираме.

Второ, измените што ги предлагаме кај децата без родители по навршена 18-та година, затоа штона праг е веќе и новата школска година и ние сметаме дека треба да бидеме пдготвени за да веднаш со отпочнувањето на школската година на сите оние кои што студираат и т.н. со предложените решенија да ги поддржиме.

Во третиот дел е инспекцискиот надзор. Сметаме дека што е можно побрзо треба д аја воспоставиме инспекцијата за да ги елиминираме злоупотребите во делот на социјалните права кои што се над 100 илјади корисници. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Предлоготна Владата овој закон да се донесе во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник од кои 59 за, 1 воздржан и 1 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 172 од Деловникот на Собраниеот на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнвуање на Законот за вработување на инвалидни лица, со Предлог на закон Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот за донесување на закон ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата овој закон да се донесе во скратени рокови на оваа седница.

Има збор министерот за труд и социјална политика, господинот Стефче Јакимовски.

Повелете господине Јакимовски.

**Стевче Јакимовски:** Благодарам.

Измените и дополнувањата на Законот за вработување на инвалиди го предлагаме затоа што на сметката според која се вработуваат инвалидите, посебниот фонд имаме некаде околу 317 милиони денари, а за последниве 5 години од таму се оделени вкупно 370 милиони денари.

Значи имаме енормна количина на средства кои што не се потрошени и Предлогот на законот е да запреме со издвојувањето на средства во посебниот фонд. Издвојувањето на средства доаѓа од придонесот за вработување односно од оние 1,6% што ги издвојуваме од бруто платата. Значи да го запреме веќе полнењето на фондот, затоа што е непотребно и за да не би стоеле тие средства имобилизирани во посебниот фонд за вработување на инвалиди.

Второ, измените и дополнувањата за воведување на банкарски гаранции и хипотеки ги правиме со цел да се елиминираат злоупотребите кај оние работодавачи кои што по добиените средства ги отпуштаат вработените.

Исто така имаме направено измени со кои што ги обврзуваме тие хипотеки и банкарски гаранции да можеме да ги активираме доколку се утврди дека овие средства се злоупотребуваат.

Сметаме дека од тие причини овој закон треба да оди по итна постапка, затоа што е во интерес и на средствата и на злоупотребите.

Исто така имаме ставено во законот дека инвалидизираните лица имаме појава во јавноста работодавачите по добивањето на средствата кои се исплаќаат на нивна сметка, не ги подигаат тие туку работодавачите со нивно полномошно. Измените во законот предлагаат средствата да ги подигнат тие лично, нивниот родител или пак законскиот застапник.

Сметаме дека ова е во интерес на овие лица, овие граѓани кои се вработуваат во заштитните работилници што побрзо да ги направиме овие измени. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеника од кои 65 за, 1 воздржан и 1 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именвуањата предлага на оваа седница да се разгледа Предлогот на одлуката за избор на членови на Советот за радиодифузија и Предлогот на одлуката за дополнување на Одлуката за именвување на претседател, членови и нивни заменици во Комисијата за решавање на жалби од областа на конкуренцијата.

Заради рационалност претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именвуањата ќе ги образложи двата предлога, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претседателот на Комисиајта за прашања на изборите и именвуањата да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата Каме Петров.

Повелете господине Петров.

**Каме Петров:** Благодарам почитуван господине потпретседателе.

Комисијата за прашања на изборите и именвуањата на вчерашната седница одлучи за денешната пленарна седница на Собранието на Република Македонија да се вградат уште две нови точки, а тоа е избор на два члена на Советот за радиодифузија.

Истовремено да имаме дополнување на Одлуката во делот на заменицие на Комисијата по однос на жалби во делот на заштитата на конкуренцијата.

Итноста произлегува од член 23 и член 26 од Законот за радиодифузија, радиодифузна дејност, односно член 40 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Итноста и неодложната потреба произлегуваат од член 66 од Деловникот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Петров.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за избор на членови на Советот за радиодифузија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници од кои 65 за, 1 воздржан, 1 против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за дополнување на Одлуката за именвување на претседател, членови и нивни заменици на Комсијата за решавање на жалби од областа на конкуренцијата да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника од кои за предлогот гласале 61 пратеник, против гласале 1 и воздржан 1.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за разрешување на судија во Апелациониот суд во Штип;

2. Предлог за разрешување на судија во Основниот суд во Куманово.

3. Предлог за разрешување на судија во Основниот суд во Охрид;

4. Предлог за избор на судии во Врховниот суд на Република Македонија;

5. Предлог за избор на судии во Апелациониот суд во Скопје;

6. Предлог за избор на претседател во Основниот суд во Струмица;

7. Предлог за избор на судии во основните судови во Скопје 1-Скопје; Скопје 2-Скопје, Струмица, Кочани, Радовиш и Дебар;

8. Предлог на одлука за избор на членови на Советот за радиодифузија;

9. Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за именување на претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за решавање на жалби од областа на конкуренцијата;

10. Предлог на закон за работните односи;

11. Предлог на закон за буџетите;

12. Предлог на закон за јавен долг;

13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвлаидни лица, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за радиодифузна дејнсот;

16. Извештај за работата на Јавното претприајтие Македонска радио-телевизија во периодот мај 2004 мај 2005 година;

17. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешна пловидба, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за избирачки список, со Предлог на закон;

20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните собири, со Предлог на закон;

Дали има некој предлог за изменвување или дополнување на предложениот дневен ред.

Има збор господинот Стојан Андов.

Повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** Господине потпретседателе, пратеничката група доби писмо од СМЕР, Синдикатот на Металците на Македонија и известени сме дека Владата во подготвувањето на овој текст на законот не се консултирала со Синдикатот и неговите претставници. Ние немаме причина да не му веруваме на претседателството на Синдикатот и сметаме дека е направена грешка во постапката, сигурно и некои грешки во решенијата се содржани, кои не би биле такви какви што се сега доколку со Синдикатот имале добра соработка. Тоа не значи дека секое барање на Синдикатот треба да се подржи, но потребно е да се обават тие консултации. Затоа по барање на Синдикатот предлагаме од оваа седница да се симне од дневен ред точката 10 - Закон за работни односи и да дојде на една од наредните седници, откако ќе се обават консултациите со Синдикатот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Значи господине Андов предлогот ви е од оваа седница да се одложи законот за работни односи.

Предлогот на господинот Андов го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеника од кои 18 за, нема воздржани и 52 против.

Констатирам дека предлогот на господинот Андов не е усвоен.

Со оглед на тоа што нема други пријавени предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника од кои 60 за, 2 воздржани и 3 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Предлог за разрешување на судија во Апелациониот суд во Штип.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

Повелет господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Почитуван потпретседателе од името на пратеничката група на ВМРО-Народна партија, барам половина час пауза за дополнителни консултации по однос на разрешувањето на судиите, кои што влегоа и како дополнување на дневниот ред на оваа седница.

Значи, половина час пауза барам.

**Слободан Најдовски:** Значи, продолжуваме со работа во 12,20 часот.

Анкетната комисија од 12,00 часот има закажано седница, па доколку е можно за тоа време и Анкетната комисија да ја заврши работата.

Продолжуваме во 12,20 часот.

(Пауза од 11,50 часот).

(По паузата седницата продолжи во 12,25 часот).

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Дали некој бара збор по Предлогот за реазрешување на судија во Апелациониот суд во Штип?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Пред да го ставам Предлогот на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Предлогот Паваел Василев да биде разрешен од функцијата судија во Апелациониот суд во Штип, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 50 пратеници гласале за, 1 воздржан и 3 против.

Молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Мислам дека има 64 пратеници, но за секој случај да го утврдиме точниот број.

(По пребројување од страна на службите).

Во моментот на гласање биле присутни 66 пратеници, да повторам уште еднаш, гласале 54 пратеници, 50 пратеници гласале за, 1 воздржан и 3 против.

Констатирам дека Павел Василев е разрешен од функцијата судија во Апелациониот суд во Штип.

**Минуваме на точката 2 - Предлог за разрешување на судија во Основниот суд во Куманово.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот Благоја Липковски да биде разрешен од функцијата судија во Основниот суд во Куманово го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 69 пратеници. Од нив гласале 58 пратеници, од кои 54 пратеници гласале за, 2 воздржано и 2 против.

Констатирам дека Благоја Липковски е разрешен од функцијата судија во Основниот суд во Куманово поради исполнување на услови за старосна пензија.

Му го честитаме пензионирање и долги години да си зема пензија.

**Минуваме на точката 3 - Предлог за разрешување на судија во Основниот суд во Охрид.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Караџоски Жарко.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам господине потпретседател.

Кај овој случај за разрешување на судијата Никола Дескоски, каде што според образложението што го имавме е направена повереда на членот 93 од Законт за извршување на кривичните санкции, од образложението кое се нуди од страна на Републичкиот судски совет и од постапката која ја спровел за одреден случајм тоа е случајот под број КР број 50/02, значи од 2002 година, сега е 2005 година и доаѓа Предлогот за разрешување. Малку е чудно зошто толку време се чекало, ако повредата е по овој член на законот или постапката против осудениот Климе Ристевски, зошто воопшто се чекало 3 години, значи зошто не се повела ваква постапка тогаш кога била направена повреда. Тоа е едната работа.

Втората работа: од она што можеме да го прочитаме оваа повреда или причина за разрешување на судија е поврзана со функцијата, во тој момент кога господинот Никола Дескоски ја обавувал како претседател на судот, значи ова повеќе е поврзано со функцијата претседател или в.д. претседател на судот, отколку она што како судија го правел. Тука е интересна една постапка, каде што се издава решение за притворање, се спомнува ден сабота како неработен ден, па право на приговор од страна на обвинетиот, потоа повлекување на тоа решение и тн.

Од она што овде можеме да го прочитаме, јасно е мислењето на Врховниот суд и она што го констатира Републичкиот судски совет, но една работа не е јасна, барем за мене, кога треба да гласам за разрешување на судија, особено кога причина за разрешување е еден предмет или еден основ, а тоа е што во ова образложение можевме да прочитаме дека и самиот судија поднел објаснување или изјава врз основа на која Републичкиот судски совет ја разгледувал. Меѓутоа, во ова образложение воопшто не е наведено што навел судијата во таа изјава како своја одбрана, а премногу е цитирано и обрзложувано што кажал Врховниот суд, што кажал Републичкиот судски совет, поточно кои наводи и мислења ги зеле. Заради подобро запознавање со фактичката состојба, затоа што овде случајот е многу интересен, ќе беше добро да ни беше приложена и изјавата од господинот Дескоски или на некој начин Републичкиот судски совет да ни образложи, а тука имаме претставник од Републичкиот судски совет, овде можеше и усно да ни образложи која е аргументацијата на која тој се повикува, затоа што за согледување на една комплетна фактичка состојба мислам дека е битно и тоа што тој го наведува во своја одбрана. Не би сакал да навлегувам во улога на Републичкиот судски совет, но самиот факт што на крајот на краиштата судбината на именувани или разрешувани судии сепак е во наши раце, во Собранието, барем да немаме грижа на совеста би било згодно да имаме една комплетна фактичка состојба, а не вака само кажани заклучоци од страна на Врховниот суд, од страна на Републичкиот судски совет, без претходно да ни биде образложено барем што дал судијата во своја одбрана.

Заради тоа би го повикал претставникот на Републичкиот судски совет, доколку може, да ја искористиме и таа прилика, да слушнеме што е тоа што стои во образложението на господинот Дескоски како судија, затоа што вака можеме да заклучиме, покрај тоа што тој несовесно и нестручно како констатација, дека можеби постоела и некоја намера за едно вакво решение. Заради тоа, за да расчистиме со тие работи, би било згодно претставникот да ни даде објаснување. Инаку, доколку не добијам објаснување, јас а верувам и пратеничката група на ВМРо-Народна партија, со оглед дека немаме комплетна фактичка состојба во смисла што е направено овде, ние нема да го поддржиме, поточно ќе гласаме против.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Се извинувам, јас овде гледам дали има или нема пријавени, немаше пријавени за збор, тука завршуваме.

Предлогот Никола Дескоски да биде разрешен од функцијата судија во Основниот суд во Охрид го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 50 пратеници гласале за, 3 воздржано и 10 ротив.

Констатирам дека Никола Дескоски е разрешен од функцијата судија во Основниот суд во Охрид.

**Минуваме на точката 4 - Предлог за избор на судии во Врховниот суд на Република Македонија.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот м-р Милка Ристова да биде избрана за судија во Врховниот суд на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратенкот Жарко Караџоски, повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Значи госпоѓата м-р Милка Ристова. која до сега беше судија во Апелационит суд во Скопје, се предлага да биде избрана за судија во Врховниот суд. Овде во образложението стои дека има вкупно 16 години стаж и е дадена целата биографија.

Меѓутоа, јас би сакал да изнесам само една забелешка. Воопшто нема да полемизирам со она што овде е дадено во образложението во смисла на нејзиниот работен нстаж и тн., сето ова држи, меѓутоа, ние и како политичка партија овие денови имавме прес конференција на која изнесовме дека во Република Македонија, поточно со оваaa Влада сеуште опстојува и живее непотизмот, каде што покрај оние квалификации што имаме прилика да ги прочитаме, најголем фактор за да биде некој предложен или избран сепак е непотизмот. Не би сакал ова да се сфати погрешно, меѓутоа, според нашите информации, госпоѓата Милка Ристова е мајка на пратеничката Каролина Ристова, која е - не мора да значи ништо, меѓутоа, се поврзува со самото влијание при чинот на гласањето и тн.

Ова не би го спомнал, мене лично не би ми присметало воопшто, само сакам да ве потсетам и вас потпретседателе, но и сите пратеници овде, кога оваа колиција доаѓаше на власт, едно од ветувањата, а и од прокламираните нивни задачи и обврски кои нема да ги прават како што некои пред нив ги правеле, како што сами велеа, е тоа дека ќе расчистат со непотизмот во сопствените редови. Дека во време на владеењето на оваа коалиција нема да се случува добивање на функции по основ на непотизам. Самата роднинска врска упатува на непотизам, независно, можеби госпоѓата стручно, и да не е ќерка и пратеник, би дошла на ред да се гласа, но сакале ние или не, не можеме да го избегнеме тој факт. Јас би сакал да ве потсетам, почитуван потпретседателе, кога ЛДП имаше проблем заради членови во управни одбори кога се крена огромна прашина во Република Македонија дека ете за еден обичен член во управен одбор се поврзуваат одредени личности, па моравте и вие како партија тоа да го стопирате за да укажете и докажете дека нема да има непотизам во начинот на работењето во оваа Влада и тн. Значи, без разлика што нешто е декларирано како што е декларирано, праксата продолжува и за да не останеме глуви пред јавноста мора да го кажеме и вој факт. Без разлика, госпоѓата Милка Ристова веројано ќе биде избрана, меѓутоа, сепак ќе остане да стои една дамка дека сепак е избрана во врее кога ќерка и била пратеник на владеачката гарнитура, односно на парламентарното мнозинство, што сепак нема да биде така лесно при натамошната работа, за која особено кај судиите треба да стои онаа независност и стручност. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Без да коментирам, но со оглед на тоа што мене директно ми се обраќавте и ме повикувавте, ме спомнувавте и мене и ЛДП, точно е тоа дека на почетокот на овој мандат бевме прозивани од вас како опозиција, морам да ви кажам, после овие локлни ибори кои завршија, дека единствено ЛДП на време расчисти со непотизмот и е единствена од сите партии, и овие кои што се сега во опозиција, кои ја презедоа локалната власт, ЛДП до крај ги спроведе тие принципи. Тоа е само заради тоа што мене ме прозивавте, а со климање на главата тоа и го потврдивте.

Одиме понатаму.

За реплика се јавија пратениците Рахиќ и Камчев.

Повелете господине Рахиќ Есад, имате три минути реплика.

**Есад Рахиќ:** Благодарам потпретседателе.

Во отсуство на претседателот, потпретседателот стана претседател или претседавајуќи, па би ги замолил колегите така да се обраќаат. Се јавив за збор бидејќи сметав дека е потребно да се

кажат неколку збора. Сметам дека е некоректно, непринципиелно и лицемерно во вакви состојби некој да се обидува да постигнува политички маркетинг.

Прво, со Уставот секој има право на слобода на вработување и според Законот за спречување на корупцијата, доколку нема мешање во работењето на едно или друго, не станува збор за непотизам. А годпоѓа Милка Ристова е 16 години судија и 16 години, од оние скромни информации што јас ги имам, добар судија, еден од подобрите судии во Република Македонија . Жалосно е, затоа што ќерка и е паметна, млада и талентирана , што утре веројатно и децата на Караџоски ќе бидат паметни, млади и талентирани, па можеби нивниот такто ќе биде судија во Врховниот суд, а тие ќе бидат парламентарци, или обратно, на некој да му го скратувате правото. Сметам дека, сепак, Караџоски како колега и како човек е коректен и мислам дека треба да се огради и во ваков тип на дискусија да не влегува понатаму.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Рахиќ.

Една минута контра реплика пратеникот Жарко Караџоски:

**Жарко Караџоски:** Господине Рахиќ, непотизмот не го измисли Караџоски, ниту ВМРО-Народна. Толку гласно зборувавте вие лично и СДСМ ,дури сега и потпретседателот ви кажа дека во ЛДП не постои непотизам. Значи останавте само вие. Јас го земам тоа како принцип дека не е во ред. Инаку не зборував за квалификации.

Дали моите деца ќе бидат на некоја функција? Јас ќе се потрудам да не бидат, барем кога сум јас пратеник.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Сега дикутирајте за ова. Потпретседателот кажа и за овие во Влада, но кажа и за овие кои победија на последните локални избори. ТаКа што оставете го сега потпретседателот. Да дискутираме за предлогот што го имаме.

Три минути реплика за пратеникот Никола Камчев.

**Никола Камчев:** Господине потпретседателе, сакам да му реплицирам на мојот колега Жарко Караџоски.

Мислам дека не чесно е од оваа работа да се прави фетиш.

Госпоѓата Милка нема 16 години стаж, судиски. Таа дипломира во 1972 година, лично ја познавам од Радовиш. Нејзината кариера, без оглед дали нејзините деца ќе бидат пратеници или не, е во еден континуиран успон и на крај како колминација на нејзината кариера доаѓа предлогот да биде избрана за судија на Врховниот суд. Јас мислам дека овде нема конфликт на интереси. Непотизмот се практицира во политичкиот маркетинг, најверојатно добива една димензија, уште еднаш сакам да кажам, на фетиш, политичките противници на некој начин да се деградираат. Не може, ако на некој ќеркаму била пратеник, или синму бил нешто, да се успорува кариерата на нивните родители и обратно, не може некој да биде пратеник, а неговите деца да немаат право да работат, да бидат социјални случаеви. Ова е патолошка работа која се форсира. Јас мислам дека ова форсирање добива загрижувачки димензии. Квалитетните луѓе кои се определени да ја градат својата кариера или на крајот на краиштата имаат егзистенција, не може да ги деградираме вака, не можеме да им лепиме политички етикети и не може нивниот развој да се успорува заради тоа што имало конфликт на интереси односно непотизам. За мене непотизмот е недефинирана работа., употребена во едно време кога од преголема желба да се докаже за одредена чесност и за тоа не треба да се употребува.

Ја познавам госпоѓата Милка. Заслужува да биде избрана за судија во Врхониот суд.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Камчев.

Повелете господине Караџоски имате една минута контра реплика.

**Жарко Караџоски:** Само сакам да се корегирам. Точно е, нема 16 години. Има 26 години. Јас мислев 26 години работен стаж во судството, направив превид. Меѓутоа, сето тоа господине Камчев што го зборувате, јас би се согласил, доколку ја биравме, или се бираше во некое друго време, кога ќеркаи не е пратеник. Јас би го поставил прашањето зошто до сега не е избрана, кога не била оваа гарнитура и кога ќеркаи не седела во позиција, на владеачкото парламентарно мнозинство. Еве, и да сака парламентарното мнозинство нешто поразлично да каже заради принципиелност и заради сопартиство, не ќе може тоа да го каже, а камо ли да гласа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Има збор пратеникот Љубисав Иванов-Ѕинго.

**Љубисав Иванов - Ѕинго:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги.

Припаѓам на опозицијата.

Повеќе пати зборував тука дека кога бираме судии на било кое ниво, било да е тоа првостепениот суд, било да е второстепениот, било да е Врховен суд, мораме да водиме голема сметка за дигнитетот, угледот и авторитетот на тие личности. Затоа имаме Комисија за избор и именување. Таму треба, ако има некои забелешки, да стапиме во таа Комисија и позицијата и опозицијата и таму треба , можеби некои работи да се кажат и тука пред овој аудиториум и пред јавноста. Мислам дека уште во стартот, угледот на тој судија и на тие судии што и до сега сме имале расправа, ние практично го намалуваме. Едно време имаше една изрека-револуцијата неможе да ги јаде своите деца. Мислам дека и транзицијата неможе да ги јаде

своите, пак, родители. Треба, ги молам колегите, да се воздржуваме од вакви квалификации затоа што тоа не е во интерес на непристрасноста на нашето судство и судовите. Јас исто така знам за овој судија дека располага со квалитети, дека има еден нормален развој во судството и ќе гласам за овој предлог.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Иванов.

Има збор пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Мислам дека сосема непотребно и некоректно се отвори една расправа која  не е блиску до заложбите што сакаме да ги направиме за реформа во судстовото и третирајќи ја независноста на судството, согласно Уставот и согласно заложбите што сите политички партии ги правиме. За жал, наместо да се повикаме или да погледнеме во образложението, биографијата и карактеристиките, непотребно се фаќаме за терминот непотизам кој, апсолутно, во услови кога судската власт е независна и напредокот во судската власт не зависи, или не сакаме да зависи од политичките влијанија, сакаме да го подведеме под сенка. Она што ќе беше коректно е, од пратеникот Караџоски да се каже, кои се тие критериуми што не ги исполнува овој кандидат за да биде судија на  Врховниот суд, дали го нема потребниот стаж, дали има лош пороцент на предмети, решени, дали во својата професионална кариера има пропусти кои не дозволуваат да биде судија на Врховниот суд. За жал, влегуваме во една расправа што мислам дека не е во заложбите за реформа на судскиот систем.

Имало пракса во Собранието, некои судии или роднини на некои пратеници да станат судии, но тие никогаш не се ставале во сенка, бидејќи Собранието одлучува како колективен орган, 120 пратеници ќе ја преземат одговорноста и гласањето ќе го преземат сите. Не може индивидуалното влијание на еден да биде пресудно за конечниот став, или пак, да се вратиме назад, да го корегирам господинот Иванов, предлогот доаѓа од РСС и тој ја направил стручната анализа и ја понудил тука на Собрание ние да ја оцениме, или да го направиме изборот. Верувам дека не ќе беше проблем ако некој судија, согласно критериумите беше и роднина на некој опозиционене пратеник. Не знам дали тогаш господинот Караџоски ќе реагираше, или пак да ја доведеме до апсурд ситуацијата да кажеме зошто еден ваков квалитетен судија, во претходен некој период не напредувал, бидејќи, очитледно согласно биографијата и образложението, тоа требало да се случи. Затоа, да не фрламе сенка или сомнеж на еден квалитетен стручен кадар и да не си поигруваме така лесно со таа личност, но и личноста што е наша колешка овде во Собранието.

Ние како СДСМ ќе го подржиме овој предлог.

**Слободан Најдовски:** Јас би ве замолил да се задржуваме на конкретниот предлог што е предложен овде и да не влегуваме во расправа што е надвор од предлогот.

Три минути реплика за пратеникот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:**  Јас мислам, господине потпретседателе, зборуваме конкретно за предлог кој го дискутираме, за госпоѓата Милка Ристова.

Би сакал да му реплицирам на господинот Макрадули во делот каде што зборуваше дека судството е независно и дека не смееме ние со едни вакви констатации  како што јас ги искажав, да се мешаме во таа независност на судството. Меѓутоа, господине Макрадули, ако е толку судството независно, нели ви е јасно зошто сега ќе правиме измени на Уставот и зошто имаме нацрт амандмани токму во тој дел кај изборот и разрешувањето на судиите. Значи констатирано е нешто, некоја фактичка состојба која далеку го прави судството дека е независно. Значи од тука тргнавме да правиме измени во Уставот за да дојдеме до што поголема независност на судството.

Фактот каде што пратениците избираат и разрешуваат судии, зборува колку може да биде некој независен и колку некој може да биде зависен.

Друго, кога јас бев пратеник на позицијата и дали сме бирале некои судии, дали биле роднини или не, морам да ве потсетам на една работа. Ние како партија никогаш не сме кажале дека непотизмот ќе ни смета и дека ќе се бориме против него, или дека нема да бираме судии кои се во некоја родбинска врска. Вие го измисливте тоа, не ние. Вие, за тој конкретен предлог што сега го кажавте, во наше време зборувавте два дена, повикувајќи се на непотизам, повикувајќи се на субјективизам или партиски функции. Исто така, најголем дел од кампањата ја водевте токму тука дека нема да има непотизам и примерот што го кажав со ЛДП, не сакам да го повторувам и ред други работи. Значи, вие тоа го правевте.

Фактот кој јас го кажав, значи немам намера да дискутирам за биографијата и за нејзината стручност. Тоа воопшто не е спорно. Тоа што тука ни се кажува од орган кој е овластен тоа да го прикаже, не е за неверување и тоа никој не го спори. Но, не можеме да избегаме од фактот дека при нејзиниот избор директно влијание ќе има нејзината ќерка затоа што таа ќе го гласа,а таа припаѓа на СДСМ, или на вашата пратеничка група. Значи тоа е она што сакаме да го кажеме. Не навлегувам во стручноста, туку за тоа Што вие го измисливте и на сите врати го зборувавте дека непотизмот е штетен за она што значи независност. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Една минута контра реплика за господинот Макрадули.

**Јани Макрадули:** Непотизмот беше една од најмалите работи што се случуваше во времето на ВМРО-ДПМНЕ од мноштвото работи што ги зборувавме и на митинзите пред кампањата во 2001 година.

Повторно самите паѓате во контрадикторност. Се залагате за реформи во судството, се залагате за добар професионален кадар, но вас стручните квалитети не ви се битни и критериумите врз кои е избран некој кандидат, исто така не ви се битни, туку сакате да повлечете знак на еднаквост меѓу една професионална кариера што се развивала многу пред нашата колешка да стане воопшто пратеник, а биле веројатно и ученик во основно образование, со некои назначувања што неможат да се споредат никако.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Три минути реплика за пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Уште еднаш слушаме една голема контрадикторност и СДСМ останува принципиелен во својата непринципиелност до крај.

Тоа што сега го говори господинот Макрадули, повикува на една работа при многу избори на судии и на обвинители и правобранители, да го искажат своето мислење во врска со нивниот избор како позициона партија и нивното гласање е против одлуките на РСС.

Апсолутно не говорам за госпоѓата, затоа што како карактеристики ги има и воопшто значат како судија на овој суд. Се е коректно и се е во ред. Но, има нешто друго. Вакви карактеристики и вакви давања на квалификации и она што работеле судии кои биле предложени од РСС, ние тука без ниеден збор дискусија сме ги отфрлиле, затоа што, како што кажува господинот Макрадули, пратеничката група на СДСМ така одлучила и тие денес не се судии и покрај врот пат и трет пат предлагање од РСС. Значи од истиот тој РСС кој за судија ја предлага госпоѓата Ристова. За независно судство, вака како што ние сега ги бираме судиите, апсолутно не станува збор, затоа што вие самите бевте сведоци на предлози каде имаше повеќе од 140 луѓе, за 7 или 8 од нив, за кои вие мислевте дека не се ваши, апсолутно не гласавте и не ги изгласавте. Сега останува сите овие други да ги ставите под знак прашалник. Значи во моментот гледаме да поставиме судии колку што можеме повеќе, а за независно судство не само што добиваме жолти, веќе и црвени картони, треба многу повеќе да се замислите. А како било и како е сега ќе покаже времето. Тоа што било го видовме, а ова што е сега ќе треба да го видиме.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Само да напоменам. Со оглед на тоа што реков дека сака да се постават судии што може повеќе, ние предлагаме на дневен ред она што е стигнато од РСС, а тој предлага само за таму каде што има испразнети места. Со Закон е утврден точниот број во сите основни , апелациони судови колкав е бројот. Да не дојдеме до некоја забуна.

Повелете господине Макрадули котра реплика една минута.

**Јани Макрадули:** Не знам ова претходното колку личеше на реплика. Повеќе личеше на став.

Законската обврска е таква што на предлог на РСС овој Парламент или парламентарниот состав избира.

Нашиот став е дека роднинските врски на некои пратеници не треба да бидат предност за некои назначувања, но не треба да бидат ниту дискриминација, ниту хендикеп за квалитетни кадри, посебно зборувам, за област која независно се развива од она како што се развива, да речеме законодавната, извршната и судската власт. Значи зборуваме за три раздвоени институции со различен свој пат. Не зборуваме за предност на директно одлучување што овде го имаме, а гледате тука и пратеничката Ристова не е присутна при саимот избор.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Марјан Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** На почетокот од мојата дискусија веднаш ќе кажам дека ќе гласам за предлогот, за госпоѓата судија Милка Ристова, затоа што според моите сознанија во работниот век што сум ги имал, кој вклучува разни контакти, и мои лични сознанија, бранејќи го достоинството на пратеничката функција, ова што е напишано, сметам дека предлогот е издржан. Се работи за лице кое стручно и компетентно ќе ги обавува функциите на врховен судија. Меѓутоа, според мене оваа расправа е уште еден доказ дека изборот и разрешувањето на судиите треба да биде надвор од салата на Парламентот. Ако сакаме независно судство, тие да бидат бирани од посебно врховно судско тело чии членови нема да бидат бирани од Парламентот, затоа што во минатото бевме сведоци дека исто така, многу принципиелни , стручни и компетентни судии беа разрешувани на начин кој претпочита мајоризација на парламентарната, да речеме, функција односно волјата на парламентарното мнозинство.

Оттука, јас како претставник на Парламентарното малцинство, кое што сега е во опозиција, кажувам дека еве ние сме принципиелни, но нека се потсетат господата во Парламентарното мнозинство колку пати биле непринципиелни кога разрешувале судии само заради некоја блискост со одредени конкретни личности во Парламентот. Во таа насока сметам дека треба да се надминеме сите, барем до оној момент до кога ќе избереме врвно тело кое што ќе ги бира другите вон Парламентот, да ја браниме функцијата на парламентарец, својот интегритет и сите оние работи кои што не личат да ги отфрлиме од оваа парламентарна сала, а во моментот не личи да дискутираме за она што претставува навистина

евидентет доказ дека се рботи за судија кој што стручно и компетентно ги извршува функциите во Врховниот суд на Република Македонија.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе, моето мислење е дека навистина оваа дискусија започна со реакцијата на колегата пратеник Жарко Караџоски, за кого сум убеден дека сепак и во овој случај настапи коректно и дека неговата реакција нема никаква лична или било која друга намерна позадина, меѓутоа, имам разбирање дека настапи политички и тоа е легитимно да го каже. Во тој дел нема што да полемизираме. Меѓутоа, сакам принципиелно да реагирам, затоа што ако говориме на овој начин, мислам дека никаде нема да стигнеме. Сакам само за пример да кажам и притоа ги поздравувам дел од пратениците на опозицијата, кои се ставија на страната во функција на поддршка на овој предлог и позитивно се изјаснија во оваа ситуација за изборот на госпоѓата Милка Ристова. Затоа што ако тргнеме поинаку по еден друг принцип, можеме истото прашање да го поставиме, бидејќи дел од опозицијата реагира, колку сопруги или сопрузи на актуелни пратеници од опозицијата се судии. Што се разбира не сакам да го спомнам, само го наведувам како пример како не треба да размислуваме, затоа што критериумите и овде во Собранието и овде во РСС и во судството и во јавноста се сосема потребни од овие политички критериуми и политички процеси. Затоа, треба да бидеме многу внимателни и коректни во иднина да не им оставаме никакви етикети на луѓето, пред се како личности, а потоа и како професионалци, затоа што ниту пратеничката Каролина Ристова, ниту нејзината мајка Милка Ристова воопшти не се виновни. Можеби според некои реакции што ги чувме се виновни, затоа што се роднини, односно мајка и ќерка, меѓутоа, без никаква дамка ниту приватно ниту професионално, што мислам дека е тоа огромен квалитет и она што во која насока ние треба да ги правиме реформите во судството. Инаку, поентата на ова прашање и правно и политички се состои во нешто друго. Ние имаме закон за спречување на корупцијата. Во одредбите на тој закон стои дека носителот на функција не може и не смее од својата позиција да влијае на нешто за да настане непотизам или конфликт на интереси. Во случајот, тоа се разбира, не е така, ниту имаше сомневање, ниту од Жарко Караџоски, ниту од било кој друг, напротив, имавме позитивно мислење за професионалната кариера. Не се кажа никаква забелешка, ниту дамка за приватниот сегмент, или приватниот дел од кариерата или животот на госпоѓата Ристова или нејзината керка Каролина, така што немаме никаков конфликт на интереси и не се прави никаква штета, или не се влијае негативно да се прави некоја злоупотреба. Дури и пратеничката Каролина не е присутна тука и се иззема како пратеник, нема да гласа, во овој случај што навистина е коректно. Значи, никој не се посомнева, напротив, дел од опозицијата го поддржа изборот. И затоа уште еднаш повикувам дека не е случај, не е нешто спротивно на законот за спречување на корупцијата, кое е основно мерило во овој случај дека пратеничката извршила некакво влијание, политички влијание или било какво друго влијание за изборот на нејзината мајка за судија. Впрочем, таа и досег била судија, така што навистина, треба да бидеме повнимателни кога се даваат вакви квалификации, кога се говори на вакви теми, за да не се ставаат никакви етикети на луѓето во иднина.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Кондарко.

Три минути реплика има пратеникот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Значи да бидеме начисто, повторно ќе повторам. Значи, уште еднаш не станува збор, ниту јас, ниту било кој од пратеничката група на ВМРО-Народна ќе искаже забелешка во поглед на стручноста на госпоѓата која се бира за судија во Врховниот суд. За тоа, апсолутно кажав и сега ќе го повторам, ниту сакам да го коментирам, ниту сметам дека предлогот на РСС во делот на стручноста има некаква мана. Меѓутоа, го истакнав само фактот дека во моментот кога госпоѓата се бира, нејзината керка е пратеник. Значи нешто кое може да се нарече непотизам и нешто кое не мора да се нарече непотизам и нешто кое што ние не го измисливме. Дали тоа ќе влијае на кариерата или не, тоа зависи пред се, од самата госпоѓа која што ќе биде судија и ништо друго. А конфликтни интереси, не станува збор за конфликтни интереси, ниту тоа го спомнав. Меѓутоа, фактот, чинот на избор на судија, кога имаме присутен пратеник кој е во директни родбински врски, упатува на можноста, јас не велам дека тоа е правило, но упатува на можност на некаков субјективизам кај одредени колеги што во конкретниот случај не мора да значи. И ние господине Кондарко, ниту јас, ниту друг од пратеничката група, воопшто не кажавме дали ќе гласаме за или против, ние го истакнавме само проблемот, кој што сметаме дека епроблем. Воопшто не се изразивме, ниту се изјаснивме дека нема да го поддржиме овој предлог.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Една минута контра реплика господинот Кондарко.

**Борис Кондарко:** Добро, господине Караџоски мене ме радува што делумно сепак во репликата референравте и кажавте дека не стоите децидно во обвинувањето, односно во сомнежите, туку дека постои само можност и дека може, но не мора. Значи ние велиме дека не мора и вие априори, не се изразивте со цврсти сомневања, или некои докази кои упатуваат на тоа дека

нешто е спорно, така што навистина не се потврди она што го кажав во говорот дека сепак, и од позиција на политичар, не само личност е коректен и дека  мислам дека нема да има проблем понатаму, бидејќи делумно ги реферирате.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Кондарко.

Има збор пратеникот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Почитувани пратеници, многу е незгодно да се зборува од говорница за вакви теми, имајќи предвид пред тоа дека колешка наша, нејзина мајка се предлага за судија во Апелациониот суд во Скопје. Една тема која е многу лошо да се дискутира, од многу причини. Прво, од човечки аспект, а сето друго не сакам да го коментирам, што значи колегијален итн.

Читајќи ја самата биографија на госпоѓата Милка Ристова, една завидна биографија би рекол, со 31 година стаж од кој 20 години и три месеци поминат во судството, значи една кариера која е за респект и верувам дека многу од нас овде колку сме компетентни да говориме за една ваква тема. Но потикнат од сето тоа што се говореше овде, мора да се искоментираат некои работи од политички аспект. Значи нема да говорам за госпоѓата Милка Ристова, магистар Милка Ристова, туку ќе говорам за сето она што во минатото и сега значи генерална политика на владеачката структура, како многу лоша работа.

**Слободан Најдовски:** Господине Флоровски се извинувам, добивте збор да говорите токму за предлогот за госпоѓа Милка Ристова, која што е предложена. Момент дослушајте ме. За проблемите во судството ќе зборуваме кога ќе дојдат уставните амандмани. Имаме два, три, пет, десет дена, колку ќе сакаме да зборуваме. Сега ве молам да се задржиме на конкретниот предлог, на конкретната точка, поврзана дискусијата со овој предлог. Продолжете. Повелете.

**Александар Флоровски:** Господине потпретседателе, многу мерак имате да ме прекинувате кога ќе излезам на говорница. Незнам на што се должи тоа. Но, ако ви ги нотирам говорите на најмалку три, четири пратеника овде кои говореа буквално вон темата, па и мене опоменете ме, само немојте да ме прекинувате. Значи имате рамноправен аршин. Ова во контекст на расчистување на некои работи кои во иднина ни се случуваат. Во еден друг парламентарен состав, со една сосема друга Влада. Една практика која е лицемарна во државата, мора да се прекине, а тоа е непотизмот. За жал, се случува една многу лоша работа, која како пракса овдека е воспоставена веќе 15 години, а тоа е незначи ако ти е ќерката пратеник овде, дека мајката не може да се избере за судија. Тука сакам да се осврнам. За жал, за непотизмот во периодот од 1998 до 2002 година, СДСМ си ја креираше својата партиска и политичка програма и доби на изборите 2002 година, а ние бевме казнети од гласачите на Република Македонија.

**Јани Макрадули:** За корупција бевте сменети.

**Александар Флоровски:** Господине Макрадули ќе говориме за корупцијата кога ќе дојде време, ќе говориме и за новите афери кои што се случуваат, а кои ги има еден куп, така да немојте да се чукате многу во гради, има судски инстанции, третата судска власт таа е независна и нема да сугерирате вие кој за што да говори. Ние имаме теми и ќе ги отвориме работите максимално јасно и отворено. Така да немојте да коментирате од место. Моето обраќање е следното: ако се работи за квалитетен човек, без разлика чиј роднина е, ако има стаж од 31 година и помина на испитот со 26 години во судството, може да се избере, без разлика дали е ќерка, дали е син, дали е маж, дали е братучед. Тоа е мојата поента. А вие цело време градевте политика ВМРО прави непотизам во сите можни свери. Говорам за последиците.Таквата практика мора да ја прекинеме. На тоа мислам јас. Овде говорите и за реформи во судството. Што значат реформи во судството кога ги избира парламентот, дали тоа судство навистина може да биде независно. Говорите за независна судска власт, финансирана од Буџетот на Република Македонија, избрана од мнозинството на овој парламент. Прашање е колку тоа судство може да биде независно, иако во тоа судство седат и прекрасни, многу квалитетни луѓе. Затоа се менуваат судии без нивно барање, притоа со некоја минимална грешка, која е човечка, затоа што сите ние сме живи луѓе, се бара само повод да се смени, затоа што не припаѓа на некоја партиска провинијенција. Се доведуваме денеска во една ситуација да размислуваме дали ние треба да гласаме за госпоѓата Милка Ристова со 31 година стаж, затоа што е мајка на Каролина Ристова. Таа политика генерално, вие ја наметнавте како СДСМ. Тоа е прашањето. Тоа е таа болна точка за која ние треба да говориме овде. Значи ако се работи за квалитет, не е битно кој со кого е роднина, туку е битно дали таа личност ја врши работата за која е оспособена стручно и има поминто 31 година работен стаж. Тоа е тоа круцијално прашање за кое треба да говориме. А овде, во минатото водевме дебата со часови, со денови именувајќи роднини, пријатели и незнам какви врски и цело време говоревме дека ВМРО-ДПМНЕ во тоа време сето она што гради како кадровска политика дека се базира врз политиката на непотизмот. Тоа е болното прашање за кое треба да говориме. Точно е дека најмалата работа е таа за тоа што зборувате во предизборната кампања. Дека главната тема беше корупцијата. Чекајте, ќе дојде 2006 година, здравје боже, да сме живи и здрави ќе има што да говориме и  ние. Има еден друг проблем кај нас. Сите ние сме зачаурени во своите партиски чаури и во сопствените партиски атари. Тоа исто така е болно прашање за кое треба да се размислува. Сега излегуваме и говориме за една ваква тема која навистина, е

неблагодарна. Буквално е неблагодарна, затоа што веднаш се наметнува прашањето на непотизмот, кое вие го форсиравте како СДСМ. Тоа никогаш не било политика на ВРМО-ДПМНЕ 1998 година. Никогаш не сме спомнале јас паметам фала му на бога доста работи и овде и надвор од Парламентот. Значи мора да ги промениме ставовите и нашите размислувања. Ако се работи за квалитет, нека се прифати, без разлика чиј роднина бил. Тоа се моите забелешки господине Макрадули. Но, тоа е политика која вие ја наметнавте како СДСМ.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, јас дојдов, ве молам приврршувајте.

**Александар Флоровски:** Господинот Кондарко спомна како не треба да се размислува. Еве јас размислувам на еден сосема подруг начин. Ако се работи за квалитет, нека се избере. Но вие така не размислувавте како политичка партија во минатото, без разлика дали се работело за квалитет, или се работело за промашена личност.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски многу сте емотивни.

**Александар Флоровски:** Нема врска со емотивност, ова е чиста прагматичност. Да не бараме роднини и пријатели, туку да ги гледаме луѓето дали се квалитетни или не се квалитетни. Тоа е поентата на моето излагање.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Имам уште многу да зборувам но тоа е прва или втора дигресија, незнам која е по ред.

**Љупчо Јордановски:** Вие имавте 10 дигресии. Јас гледав на телевизија.

**Александар Флоровски:** Јас не ви реков во живо да ме гледате, бидејќи имавте странки, претпоставувам дека сте биле зафатени со с транки, бидејќи имавте многу работа. Значи проблемот господине Макрадули тоа е тоа. Да излеземе од сопствените партиски чаури. Тоа е мојата поента.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓа Ивановска, имате три минути реплика.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе, почитуван колега Флоровски, вие се залагате сега темите да ги отвориме максимално. Се отвора една тема, тоа е непотизмот и конфликтот на интереси кои што во нашиот балкански менталитет секако е тадиција на културата на живеење, меѓутоа, добро е штосе отвора оваа тема, меѓутоа, не при избор на судија. Се согласувам со вас сега максимално да ги отвориме картите и да престанеме со таквата практика. Впрочем, ЛДП во почетокот на овој мандат со личен пример ги повлече членовите на управнит одбор, иако на своја штета долгогодишни професионални активисти во ЛДП го доживеаја тој удар. Би било добро и искрено од ваша страна, доколку ја признаете вашата голема грешка кога во претходниот мандат кога бевте пратеник и кога вашата сопруга ја вработивте во Агенцијата за приватизација. На ваква тема само принципиелен човек може да фрла дрва и камења при непотизмот и треба до крај да бидете искрени во вашите ставови. Или пак по народната: "Господ најнапред себе си си ставил брада".

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Очигледно дека овде никој не се грижи за кандидатот за кој што слуша многу убави зборови. И сега ќе почнеме да расправаме за нешто, навистина како што рековте дека треба да се отвори посебна тема за конфликт на интереси и за непотизам, да се дефинира еднаш што е тоа.

Повелете една минута господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Госпоѓо, името не ви го знам. Ќе се обратам како на колега, т.е. на колешка. Точно е дека мојата сопруга работеше во Агенцијата за приватизација како обичен службеник и што е тоа страшно? Случајно да не била директор, или била на некоја битна позиција. Што е тоа страшно? Ние ако одиме по таа аналогија па ќе најдеме и роднини, пријатели, сопруги, братучетки на многу пратеници овде кои се вработени во разно разни институции. И после година и два три месеци го напушти тоа место. Што е тоа страшно да се биде обичен службеник. Зарем некој нема право да биде вработен, да заработува и да вади парче леб. Незнам на што се однесува вашата алузија. За непотизмот не сакам да говорам. Говорам за тоа човекот кој е предложен го бива, или не го бива. Ако го бива, нека биде избран, ако не го бива, нема да биде избран. Тоа е мојата поента.

**Љупчо Јордановски:** Има збор пратеникот Андреј Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Господине претседателе, тешко е да се биде концентриран после вакви настапи на колегите од опозицијата каде што фронтално тргнуваат со напад, дека се против непотизмот за да на крај кажуваат дека се за непотизмот, или не можам да разберам. Јас само на кратко да го кажам ставот на ЛДП дека ќе се држиме принципиелно како што сме се обидувале и досега тоа да го сториме и дека ќе гласаме исклучиво врз основа на она што ни е презентирано како референца. Нашите инфорамции кажуваат дека се работи за исклучително квалитетен предлог и не ни преостанува ништо друго, туку да го подржиме овој предлог. Исто така разочаран сум и од неумешниот прилично евтин обид да се освојат политички поени на еден доста некоректен начин. Мислам дека од самото реферирање веќе станува сосема јасно. Мислам дека резултатот, референцата, искуството, дисциплината, или ако веќе сакате бројот на решени случаи треба да биде единствено нешто врз основа на кое што ние овде во Парламентот ќе се изјаснуваме врз основа на тоа дали прифаќаме, или не го прифаќаме предлогот од страна на Републичкиот судски совет. Мислам дека навистина како што

кажавте и вие господине претседателе треба веќе и дефинитивно да поминеме на законот за конфликт на интереси за да можеме конкретно да разговараме што значи тоа непотизам, или не е непотизам, кога се форсира некое решение исклучиво врз основа на роднински врски, а не врз основа на квалитет. Овде се работи за квалитетен кадар и треба да прекинеме навистина професионалци во Република Македонија кои што со години ја создавале кариерата ги линчуваме овде само затоа што единствен грев им е што имаат некој роднина вклучен во активната политика. Мислам дека е жално нив да ги правиме колатерална штета на нашите пресметки овде преку парламентарната говорница. Уште еднаш да кажам, со задоволство ќе гласаме за овој предлог кој што дури и би сакале да биде пример и за други предлози врз основа исклучиво на референцата која што ни е доставена.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика господинот Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Би сакал да му реплицирам на господинот Жерновски, бидејки не му е јасно, ставовите на опозицијата не му се јасни, еве да му ги разјаснам. Значи, господине Жерновски, кога се бира судија на Врховен суд претходно се објавува конкурс, или оглас, како сакате со одлука на Собранието. На него конкурираат сигурно добри кандидати како што е и овој кој што е предложен. Предлогот, или сите оние кои кандидирале своите документи, својата документација и биографија ја доставуваат до Републичкиот судски совет. Можеби за ова место судија на Врховен суд, јас не знам точно, но претпоставувам можеби конкурирале пет, или десет исто така квалитетни како што е и овој кандидат. Републичкиот судски совет го бира, односно се одлучува за еден и ни го предлага нас како единствен кандидат. Зошто го отвараме прашањето на непотизам? Затоа што токму тоа може да биде причина, јас не велам дека е во конкретниот случај, туку зборувам принципиелно дека тоа може да биде причина при целата оваа постапка и процедура за да не ни се повторува во пракса, односно и во иднина, а особено не на оној кој што се декларирал дека принцип во неговото владеење нема да биде непотизмот. Тоа е причината. Јас немам ништо конкретно забелешка на стручните квалификации. Но, да не заборавиме и сите други кои што се кандидирале покрај неа сигурно ги исполнуваат ваквите услови. Прашањето е зошто баш таа и зошто баш во време кога ќерка и е пратеник.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контра реплика господинот Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Еве, сосема случајно си носам еден документ објавен 14 август 2002 година од интернационалната кризна група каде што вели како во Македонија корупцијата ја влече земјата надоле. И сосема случајно пишува за еден Томислав Стојановски кој што во тоа време бил пратеник и бил предложен од ВМРО-ДПМНЕ од партијата на господинот Караџоски во тоа време за потпретседател на Републичкиот судски совет. И е кажано како еден пример кој што се нема сретнато во регионот, ниту во Европа. Зошто го кажувам овој пример? Не затоа што случајно ми се стокми да биде од вашата партија, туку веднаш многу прецизно кажува во што беше конфликтот. Тоа е следново, дека законот во Република Македонија, односно Уставот забранува член на Републички судски совет да врши јавна функција, или да биде активен во политичка партија. Затоа вас ве опоменаа и нашата земја.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Ете ова е вашата принципиелност господине Жерновски. Како случајно ви се најде тоа од 2002 година пред вас. Мене не ми се најде од 2002 година пред мене што кажувавте пред 15 септември и после тоа, што кажувавте 2001 година. Но, ќе ми се најде случајно на некоја друга седница и јас ќе ви кажам што вие говоревте. Но, мене ми е жал, добро кажавте сега дека врз основа на ова што значи пред вас референци со кои што ги бираме судиите, а не сме ние тие што ќе ги бираме судиите и покрај тоа што Републичкиот судски совет е тој што ни ги дава предлозите, а ние тука можеме да кажеме само амин. Јас уште еднаш како Либерално демократска партија и како вас мислам дека многу предлози кои што дојдоа од Републичкиот судски совет се случи по втор пат и по трет пат да не бидат избрани и покрај сите референци кои што не се многу далеку од овие референци што ги гледаме за госпоѓата Ристова за која што апсолутно лично немам ништо против. Напротив, ова што го гледам тука ми дава за право да гласам за неа. Но, во секој случај тука е она што кажувате принципиелност. Ако гласаме и како Парламент тука се дефинираме според референците, јас не знам поради кои референци вие ги одбивте претходните судии, или предлози за судии, јавни обвинители и правобранители. Како се чувствуваат тие луѓе сега, затоа што вие сте ги одбиле, јас апсолутно не знам, затоа што ги предложила фелата, ги предложил Републичкиот судски совет, а ние тука си зедовме за право да ги одбиеме. Мислам дека тоа е принципиелност и барем тогаш требаше да станете како што станавте сега и како пред вас случајно се најде она од 2002 година и да кажете, против овој човек од Куманово, или од Велес, или незнам од каде гласаме поради тоа и тоа што е член на политичка партија, или што не е член на нашата политичка партија. И тоа треба јавно да се каже. Ете тоа е вистината.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господинот Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Почитуван колега, вака имате право да зборувате доколку ги погледнете стенограмите како гласала пратеничката група на Либерално демократската партија за тие случаи, ќе видите дали имате право ова што го кажувате. А за принципиелноста, Жерновски си ја покажа

на почетокот на мандатот на оваа власт, за еден пример за кој што вие сеуште може да сонувате.

**Љупчо Јордановски:** Има збор пратеникот Чедомир Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Почитувани колеги, јас ќе гласам за предлогот госпоѓата Ристова да стане судија на Врховниот суд на Република Македонија од проста причина што немам аргумент против. А тоа што госпоѓата Ристова е мајка на госпоѓата Каролина, за мене не е факт што би одел против мојата принципиелнсот да ги подржувам предлозите на Републичкиот судски совет, а во случај да сум против таквите предлози да имам дебела, односно сериозна аргументација. Роднинската врска за мене не е аргумент против.

Попатно би сакал да кажам дека, сепак опозицијата има право да ги отвори прашањата на непотизам. Во случајот, ете така случајно се погодило предлогот госпоѓата Ристова да биде судија на Врховниот суд, да е мајка на пратеникот Каролина Ристова и пружило шанса на опозицијата да ги отвори и тие прашања. Меѓутоа, тоа не значи дека опозицијата ги отвора прашањата и ќе гласа против. Но, само сака да ја потсети сегашнава позиција како се однесуваше во такви и слични ситуации и моменти кога сегашнава опозиција беше опозиција и обратно кога сегашнава опозиција беше позиција. Ова што пратениците од позицијата се противат на нашите дискусии излегува дека, ем не тепаат, ем не ни даваат да плачеме. Па јас мислам дека е дозволено и природно е ако некој те тепа, да ти дозволи и да плачеш и да кажеш дека нешто те боли.

Според тоа, останувам на ставот дека ќе гласам за. А попатно би ги замолил колегите од позицијата да не ги спречуваат во своите дискусии и во потсетувањата како се однесуваше сегашнава опозиција кога таа беше на местото на опозиција.

**Љупчо Јордановски:** Бидејки немаме пријавени повеќе за збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Предлогот м-р Милка Ристова да биде избрана за судија во Врховниот суд на Република Македонија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 63 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека мр- Милка Ристова е избрана за судија во Врховниот суд на Република Македонија.

Отворам претрес по предлогот Благој Доновски да биде избран за судија во Врховниот суд на Република Македонија.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Благој Доновски да биде избран за судија во Врховниот суд на Република Македонија го ставм на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 **пратеник**, 61 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Благој Доновски е избран за судија во Врховниот суд на Република Македонија.

**Минуваме на точката 5 - Предлог за избор на судии во Апелациониот суд во Скопје.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот Виолета Србинова да биде избрана за судија во Апелациониот суд во Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Виолета Србинова да биде избрана за судија во Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 58 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 66 пратеника.

Констатирам дека Виолета Србинова е избрана за судија во Апелациониот суд во Скопје.

Отворам претрес по предлогот Беќир Зулфиу да биде избран за судија во Апелациониот суд во Скопје.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Беќир Зулфиу да биде избран за судија во Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 60 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Беќир Зулфиу е избран за судија во Апелациониот суд во Скопје.

**Минуваме на точката 6 - Предлог за избор на претседател на Основниот суд во Струмица.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Емил Глигоров да биде избран за претседател на Основниот суд во Струмица, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 56 за, 2 воздржани, 3 против.

Констатирам дека Емил Глигоров е избран за претседател на Основниот суд во Струмица.

**Минуваме на точката 7 - предлог за избор на судии во оснвоните судови во Скопје 1 - Скопје, Скопје 2 - Скопје, Струмица, Кочани, Радовиш и Дебар.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот Санде Зиков да биде избран за судија во Основниот суд Скопје 1-Скопје.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Санде Зиков да биде избран за судија во Основниот суд Скопје 1-Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеника, 50 за, 1 воздржан, 1 против.

Во салата се присутни 66 пратеника.

Констатирам дека Санде Зиков е избран за судија во Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Отворам претрес по предлогот Цветанка Периќ да биде избрана за судија во Основниот суд Скопје 2-Скопје.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Цветанка Периќ да биде избрана за судија во Основниот суд Скопје 2-Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеника, 53 за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 65 пратеника.

Констатирам дека Цветанка Периќ е избрана за судија во Основниот суд Скопје 2-Скопје.

Отворам претрес по предлогот Славчо Тимов да биде избран за судија во Основниот суд во Струмица.

Молам кој бара збор?

Има збор госпоѓа Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе. Иако ние како пратеничка група на ЛДП порано сме го кажале нашиот став дека Републичкиот судски совет треба да излезе со листа на сите што кандидирале. Меѓутоа, тоа не беше прифатено. И сега со уставните измени за реформите во судството се надеваме дека ќе се подобри значително изборот на судиите ќе биде независен.

Она што за овој предлог од Струмица сакам да го кажам како пратеник од Струмица, затоа што лично го познавам кандидатот и она што е напишано во биографијата доставено до нас како пратеници.

Господинот Тимов има работен стаж од 16 години од кои 11 во судството. Ги поминал сите позитивни оценки почнувајќи од Апелациониот суд во Штип, Врховниот суд и лично претседателот на Врховниот суд го подржал мислењето на општата седница. Од посебните вештини прикажани во биографијата на господинот Тимов владеењето на англискиот јазик кој што од споредните услови секако е една од важните вештини која што треба да ја поседува еден кандидат. Она што не е напишано во биографијата, јас сакам лично на колегите пратеници да им го соопштам, тој е исклучително скромен и чесен човек кој активно се занимавал со спорт и тогаш кога активно се занимавал со спорт ги бранел и боите на Република Македонија. И за крај ќе кажам дека ниту ми е роднина, ниту е член на ЛДП, а дали е член на некоја друга партија, за тоа можат да се изјаснат другите политички партии. Меѓутоа, до колку не е член на друга политичка партија, тоа е уште еден голем плус за господинот Тимов.

Пратеничката група на ЛДП ќе го подржи предлогот за избор на судија во Основниот суд во Струмица.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Славчо Тимов да биде избран за судија во Основниот суд во Струмица го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

57 пратеници гласале, 21 гласале за, 12 гласале воздржано, 24 гласале против.

Службите нека го утврдат бројот.

(Службите го утврдуваат бројот).

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Славчо Тимов не е избран за судија во Основниот суд во Струмица.

Отворам претрес по Предлогот Катерина Цоневска да биде избрана за судија во Основниот суд во Кочани.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот Катерина Цоневска да биде избрана за судија во Основниот суд во Кочани го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 53 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Катерина Цоневска е избрана за судија во Основниот суд во Кочани.

Отворам претрес по Предлогот Сузана Милевска да биде избрана за судија во Основниот суд во Кочани.

Ве молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот Сузана Милевска да биде избрана за судија во Основниот суд во Кочани го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 55 гласале за, 2 воздржани, 1 против, во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Сузана Милевска е избрана за судија во Основниот суд во Кочани.

Отворам претрес по Предлогот Лимонка Долдурова да биде избрана за судија во Основниот суд во Радовиш.

Ве молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот Лимонка Долдурова да биде избрана за судија во Основниот суд во Радовиш го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 50 пратеници, 49 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Лимонка Долдурова е избрана за судија во Основниот суд во Радовиш.

Отворам претрес по Предлогот Фитим Касапи да биде избран за судија во Основниот суд во Дебар.

Ве молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот Фитим Касапи да биде избран за судија во Основниот суд во Дебар го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 52 гласале за, нема воздржан, 2 против.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Фитим Касапи е избран за судија во Основниот суд во Дебар.

**Минуваме на точката 8 - Предлог на одлука за избор на членови на Советот за радиодифузија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 64 пратеници.

52 пратеници гласале, 52 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Советот за радиодифузија.

**Минуваме на точката 9 - Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за именување претседател, членови и нивни заменици на комисијата за решавање на жалби од областа на конкуренцијата.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 54 за, 1 воздржан, нема против.

Во салата се присуни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 10 - Предлог на закон за работните односи.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Дозволете да ги прочитам амандманите до пауза, а потоа ќе направиме пауза. Имаме време, за 10 минути ќе завршиме.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 7 став 5; член 11; член 13 ставови 4, 6 и 7; член 22 став 1 точки 3 и 5 и на став 2; член 27 став 1; член 28 став 1 за додавање . . .

Ајде ве молам пополека излезете. Можам јас и во празна сала да го прочитам ова. Ве молам побрзо излезете, затоа што ќе немам време за 10 минути да прочитам се.

Значи, за додавање на нова точка 8-а по точката 8; член 39 став 2; член 50 став 3; член 53 за менување на став 2 и за бришење на став 4; член 67 за додавање нов став 1, на став 1 и на точките 1 и 2 на став 1; на насловот на член 80; член 84; на насловот на член 85; член 85; член 100 став 1 точка 5; член 101 за додавање нов став 2; член 104 став 2; член 112 став 4; член 122 став 1; член 123 став 3, за менување на првата реченица на став 4 и на став 6; член 128 став 4; член 136 став 1; член 141 став 3; член 148 став 1 и на член 149; член 150 став 1; член 154 став 1 и за менување на став 3; член 155 став 1; член 159 став 1; член 164 ставови 2 и 4; член 165 став 1; за менување на насловот пред членот 167 и за менување на членот 167; член 184 став 5; член 191 став 1; на членовите 192 и 193; на насловот на член 215; на насловот на член 218; член 237 став 4; член 240; член 248 став 2 точки 3, 4 и 5; член 264 став 1 во воведната реченица и на точките 2,11,12,14,19 и 23.

Каде е претставникот на Владата?

Нека влезе. Ако морам да читам, нека слуша и претставникот на Владата.

Член 265 став 1 точки 2, 3 и 6; член 266 точки 4 и 6; член 267; член 268 став 2; член 271 и на член 272, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандмани на член 138 став 1 и на член 272, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман на Глава 12 "Посебна заштита" на насловот "Скратено работно време на родител на потешко хендикепирано дете" и на член 169 став 1, по кој Владата не се произнела.

Комисијата за здравство поднесе амандмани на член 112 став 3 и на член 150 за менување на став 2, по кои Владата не се произнела.

Комисијата за култура поднесе амандман на член 61 точка 1, со кој се согласил повереникот на Владата.

Комисијата за култура поднесе амандман на член 114, по кој Владата не се произнела.

Комисијата за образование, наука и спорт поднесе амандман на член 250 став 2 за бришење на втората реченица и на став 4, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Коста Прешоски поднесе амандман на член 22 за додавање нов став 5 по ставот 4, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Петар Апостолов, Соња Лепиткова и Роза Топузова - Каревска поднесоа амандмани на член 4 став 2; член 18 став 2; член 27 став 1; член 46 став 1; член 112 став 4 и на член 250 став 3, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Петар Апостолов, Соња Лепиткова и Роза Топузова - Каревска поднесоа амандман на член 53 за бришење на став 4. Амандман со иста содржина поднесе и Законодавно-правната комисија, со кој се согласил претставникот на Владата. Од овие причини нема да водиме претрес по амандманот на член 53 за бришење на став 4, поднесен од пратениците Петар Апостолов, Соња Лепиткова и Роза Топузова - Каревска.

Пратениците Драго Шајноски и Ристо Пејоски поднесоа амандмани на член 97 став 2; член 102 став 6; за менување на насловот пред членот 242 и на членот 242 за бришење на став 1 и за бришење на насловот пред членот 244 и на членот 244, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Цветанка Гашоска поднесе амандман на член 1 став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Сашо Дохчев, Кире Гештаковски, Соња Лепиткова и Рафет Муминовиќ поднесоа амандман на член 150 за менување на став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Јани Макрадули поднесе амандман на член 117 став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Никола Б. Камчев, Коста Прешоски, Никола Апостоловски и Ѓорѓи Оровчанец поднесоа амандман на член 165 став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Есад Рахиќ поднесе амандмани на член 5 став 1 за бришење на точка 4; за бришење на член 241 и на член 269 за бришење на став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ѓорѓи Оровчанец поднесе амандмани на член 54 во воведната реченица; член 97 став 1 точки 3, 4, 5 и 6 и за бришење на член 237, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Благородна Мингова - Крепиева и Ангел Димитров поднесоа амандмани на член 5 став 1 точка 4; член 46 став 1; член 48 став 4; член 54; член 55; член 61 за додавање два нови ставови 3 и 4 по ставот 2; член 112 за додавање нова реченица на ставот 3 и на член 167 за менување на став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ристе Бислимовски поднесе амандмани на член 18 став 1; член 22 став 1; член 22 став 1 точка 4; член 25 за менување на став 5; член 46 став 1; член 61 за додавање нов став 2 по ставот 1; член 85; член 112 став 4 и на член 238 за бришење на став 4, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Каролина Ристова поднесе амандмани на член 35 за додавање три нови ставови 3,4 и 5 по ставот 2; член 61 за додавање нов став 2 по ставот 1; член 164 за менување на став 2 и за бришење на став 3; член 165 став 2; за менување на насловот пред членот 167, член 167 за додавање нова реченица на ставот 1 и на став 2 и на член 264 став 1 точка 6, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Аднан Јашари поднесе амандмани на насловот на член 17 и на член 68 став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Силвана Бонева, Ѓорѓе Паљошковски и Илија Србиновски поднесоа амандмани на член 3 став 2; член 5 став 1 точка 4; член 8 за додавање нов став 3 по ставот 2; член 30 за менување на став 2; член 60 за додавање нов став 3 по ставот 2; член 96 за додавање нов став 1 пред ставот 1; член 97 став 1 за менување на точките 1, 2, 3, 4, 5 и 6 и за додавање нов член 100-а по членот 100, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Силвана Бонева, Ефтим Манев, Ѓорѓе Паљошковски и Илија Србиновски поднесоа амандман на член 57 став 4, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ефтим Манев поднесе амандман на член 5 став 1 за менување на точка 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Силвана Бонева поднесе амандман на член 8 за додавање нов став 3 по ставот 2, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Славица Грковска поднесе амандмани на член 6 став 1; член 25 за додавање нов став 3 по ставот 2; член 77 за

додавање нова точка 6 по точката 5; член 120 за додавање нова точка 3 по точката 2; член 124 став 1; член 124 за додавање три нови ставови 3, 4 и 5 по ставот 2; член 165 ставови 1 и 3; член 165 за додавање нов став 5 по ставот 4; член 166 за додавање нов став 2 по ставот 1; на насловот пред член 169 и на член 169 став 1; член 171; член 250 став 2; член 250 за додавање два нови става 4 и 5 по ставот 3; член 259 став 1 за додавање нова точка 5 по точката 4; за додавање нов член 259-а по членот 259; член 264 став 1 точка 21 и на член 271, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Иван Анастасовски поднесе амандмани на член 27 став 2 и на член 137 став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Марија Којзеклиска поднесе амандман на член 102 за менување на став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Наташа Биковска поднесе амандмани на член 22 став 3; член 27 за додавање нов став 3 по ставот 2; член 77 точка 3; член 99 точка 2 и на член 151, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Љупчо Јордановски поднесе амандан за пауза до 15,оо часот.

По паузата седницата продолжи со работа во 15,03 часот.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2, поднесен од пратеникот Цветанка Гашовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика .

Повелете господине министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ѓорѓи Паљоскоски и Илија Србиновски.

**Љупчо Јордановски:** Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2, поднесен од пратениците Петар Апостолов, Соња Лепиткова и Роза Топузова-Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1, за менување на точка 1, поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Сосема накратко да објаснам зошто бараме поинаква дефиниција.

Употребената дефиниција на работниот однос во Предлог законот не го утврдува работниот однос како договорен однос според кој произлегуваат права и обврски за двете договорени страни односно и работодавачот и работникот.

Со поднесениот амандман се утврдува дефиниција според која се акцентира работниот однос како договорен однос произлезен од договорниот карактер на тој однос според која права и обврски постојат и за двете договорени страни утврдени во согласност со закон и колективен договор.

Значи дефиницијата гласи: Работниот однос е договорен однос помеѓу работникот и работодавачот заради вршење на определени работи и остварување на правата и обврските од тој однос.

Сметаме дека е попрецизна дефиницијата и бараме од парламентарното мнозинство да ја прифати.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата треба да пристапиме кон гласање по амандманот.

Службите нека го утврдат бројот.

(службите ги пребројуваат пратениците)

(нема доволен број)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(течат минути на чекање)

Уште еднаш ги замолувам пратениците да влезат во салата.

Бидејќи 15 минути академско чекање помина од паузата, сега ќе ги вклучам 10-те минути за кворум и потоа ако немаме кворум ќе ја прекинеме седницата, па кој сака да носиме закон нека биде тука.

(течат минути на чекање)

Ги миолам службите да го утврдат бројот.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Значи, бидејќи сме во салата присутни 64 пратеника пристапуваме кон гласање .

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 13 за, еден воздржан, 46 против, а во салата се присутни 65 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1, за бришење на точка 4, поднесен од пратеникот Есад Рахиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Гласале 55 пратеника, 9 гласале за, 4 воздржани, 42 против, а во салата се присутни 65 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1, точка 4, поднесен од пратениците Благородна Мингова-Крепиева и Ангел Димитров, а додатно се придружија пратениците Цветле Јаневска и Емилија Костадинова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

**Стефчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Димитров.

**Ангел Димитров:**Благодарам господине претседателе.

Суштината на овој амандман е да се надоврзам на претходниот на господинот Есад Рахиќ, тој предлагаше да се избрише бројот 50, фактички да не се прави разлика кај работодавците како помали или поголеми работодавци.

Со колешката предлагаме изразот што е употребен во Законот за работни односи би требало да одговара на терминот микротрговец со Законот за трговски друштва. Таму под микротрговец се смета трговци кои вработуваат до 10 работници. Мислиме дека ова е многу подобро решение одколку решението предложено каде е до 50 работници, работодавците немаат обврска да прават систематизации и други обврски од Законот за работни односи. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавен за збор, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеника, 9 за амандманот, 3 воздржани, 44 против, а во салата се присутни 64 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 точка 4, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ѓорге Паљошковски и Илија Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе, почитуван министре, почитувани колеги,

Овој член 5 со точката 4 предизвика доста внимание на јавноста од страна, исто така, на Синдикатот беше апелирано да се размисли за тоа како се дефинира помалиот работодавач и кои реперкусии ќе ги има ваквата дефиниција по вработените во државата. Од тие причини и го поднесовме овој амандман, бидејќи од колегите немаше амандман со ваков предлог, со ваква судржина како нашиот. Сметаме дека во Република Македонија најголем дел од стопанските субјекти се до 50 вработени и заради тоа мислиме дека на тој начин, доколку остане дефиницијата помал работодавач, кој што вработува до 50 работници, а кој што, како што кажа претходно колегата, нема потреба од систематизација. Исто така, работодавачот нема обврска кон своите вработени да им понуди права кои ги имаат работниците во поголемите претпријатија, над 50 вработени, како што се преквалификација, доквалификација, вакви обврски работодавачот ако е дефиниран како помал работодавач нема да има за неговите вработени. Тоа е еден огромен број на вработени во државата кои ќе работат во фирми без систематизација, за кои нема да важат одредбите кои важат за поголемите претпријатија во однос на прогласувањата на технолошки вишоци. Заради тоа, мислиме дека се прави една драстична дискриминација на вработените во државата. На едни кои се вработени во овие фирми кои што се до 50 работници, а кажав дека не се малку по процена на синдикатот над 60 илјади има вработени во овие фирми. Заради тоа, сметаме дека треба да се намали бројот на работниците за фирмите кои што треба да се дефинираат како помал работодавач. Ние предлагаме такви 25, гледајќи ги состојбите во државата, цениме дека фирма со 25 вработени може да ја подведеме под поимот помал работодавач, додека фирма со 50 вработени, претпријатија со 50 вработени, не може да го носи тој наслов, бидејќи состојбите во државата

се такви што најголем дел од работниците работат токму во тие фирми.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Томиќ имате збор.

**Зоран Томиќ:** По објаснувањето на колешката Бонева не можев да разберам од каде е критериумот до 25 вработени, а зошто не е 12, 13, 15. . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Томиќ имате збор или реплика. (Реплика).

Тогаш, имате три минути реплика.

**Зоран Томиќ:** Да, три минути и многу ми се и три минути. Значи незнам кој е критериумот од 25, зошто не се 10, зошто не се 5 и зошто не се 7. Или, сега се враќаме, по излагањето на колешката Бонева на законот за здружен труд. Навистина, незнам во што е разликата.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, повелете, една минута контра реплика.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега, експертите од ВМРО-ДПМНЕ, кои го гледаа овој закон за работни односи, па можеби вам ви е смешно, нам не ни е смешно, имајќи ги предвид статистичките податоци во Република Македонија кои што потврдуваат колку фирми има во државата кои што се регистрирани до 25 вработени, а колку имаме регистрирано фирми до 50 вработени, дојдоа до овој заклучок дека дефиницијата помал работодавач, треба да важи за фирми до 25 вработени.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Стојановски имате збор?

**Блаже Стојановски:** Господине претседателе, јас сметам дека расправата околу бројот на работници кои треба да определуваат дали се работи за мал или голем работодавач, а кои се дефинирани во членот 5 од овој закон, кој што со овој амандман се предлага да се измени,сметам дека се депласирани односно непотребни. Затоа што, не можете едни работодавци да ги ставата во една позиција, а други работодавачи во друга позиција. Сметам дека решенијата кои што ги има во овој закон треба да се однесуваат на сите работодавачи под еднакво. На тој начин да ги надминеме привилегиите кои што треба да ги имаат работодавачите кои имаат, како што се наведува во Законот 50 работници, а оние кои што имаат 51 работник, да ги немаат тие привилегии. Или, она што се предлага со амандманот 25 вработени, оној што има 26 вработени нема да може да ги користи оние права кои што му ги дава законот како мал работодавач.

Значи, мојот предлог е и амандманот да не се прифати, меѓутоа да не се прифати ниту она што е наведено во членот 5 туку целосно да се изедначат сите работодавци во Република Македонија. Нема никаква потреба од делење на работодавците на мал или голем во контекст на правата на работниците и правата на работодавачите односно она што претставува предмет на уредување со овој закон.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 6 гласале за, еден воздржан и 53 против, а во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 став 1 точка 4.

Констатирам дека сте премногу бучни и еве можам да згрешам.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете господине министре.

**Ставчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Госпоѓица Грковска. Повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Амандманот се однесува на членот 6 под Главата која се однесува на забрана за дискриминацијата. Имено, во ставот 1 член 6 се предвидува работодавецот да не смее, барателот на вработување да го одбие или да го стави во нееднаква положба заради неколкку причини кои што се наведени во членот на законот. Мојот предлог е меѓу тие причини кои што се однесуваат на расата, на бојата на кожата, на полот, на возраста итн., да стои децидно дека работодавецот не смее барателот да го стави во еднаква положба заради бременост. Мислам дека на овој начин ќе има и построга дефиниција и построг критериум, затоа што сме сведоци дека во праксата многу девојки и жени кои се бремени се соочуваат со неможноста да бидат вработени или пак се одбиени нивните барања за вработување, токму заради тоа што се бремени. Сметам дека овој амандман само ќе го подобри членот и текстот на законот и дека воопшто не е во колизија со целиот дух на законот, туку напротив ќе излезе во пресрет на сите оние кои се соочиле со ваков проблем и ќе спречи во иднина секаква понатамошна дискриминација на овој план.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 18 за амандманот, 8 воздржани, 33 против, а во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да глаасме.

Гласале 55 пратеници, 10 пратеници гласале за, 2 воздржани и 43 против.

Службите нека го утврдат бројот на пратениците во салата.

Во слата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 8 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ѓорѓи Паљошкоски, Илија Србиновски, и амандманот на член 8 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Силвана Бонева, кои се точки 10 и 11 од списокот на редоследот на амандманите по кои се води претрес, се со иста содржина.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ѓорѓи Паљошкоски и Илија Србиновски, и од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Член 8 зборува за исклучоци од забрана на дискриминација, а амандманот кој што се поднесува, со образложение да се стави став 3 зборува за работодавач кој е должен со акт на систематизација да одреди кои работници работи ќе ги извршуваат во посебни услови и категорија на работници кои не можат да бидат распоредени. Значи, воопшто не му е местото на овој амандман во овој член, така што не можеме да го прифатиме.

**Љупчо Јордановски: А**мандманот од причини кои што ги објасни министерот не се прифаќа.

Госпоѓо Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Јас во целост го разбирам министерот. Можеби во овој дел не му е местото во овој член ставот 3 кој што го додаваме, меѓутоа, самиот закон ние уште во првата фаза напомнавме дека воопшто не е систематизиран и многу е тешко човек да се знајде, бидејќи за една работа има одредби низ целиот закон. Од тие причини е ставен амандманот така како што е, но тоа не значи дека му пречи на министерот, бидејќи ценам дека содржината е неопходно потребна да биде внесена во Законот за работни односи, а онаму каде што тој смета дека треба да биде ставен, нека биде вградена одредбата. Значи, одредбата се однесува на работодавачот кој е должен во актот за систематизација да определи кои работи се извршуваат во посебни услови и која категорија на работници не можат да бидат распоредени на тие работни места. Тоа е многу битно, се со цел да не се прави злоупотреба на работниците и на тој начин може да се изнудува буквално работниците сами да си дадат отказ. Ако во системтизацијата не е определено кои работи може во посебни услови да ги изведуваат одредена категорија на работници, имаме возрасни работници, имаме работници кои заради здравствени причини не можат да обавуваат одредена работа и ако бидат прераспоредени на тие работни места, тоа значи дека самите треба да станат и да си одат. Ако некој работник кој што има проблеми со срцето се постави на работно место да дига вреќи од 50 килограми и нормално ако не ја извршува работата како што треба ќе му се каже дека треба да си оди или самиот ќе си ја напушти работата. Значи, неопходно е потребно заради заштита на работниците да се вметне овој став, а по желба и по наоѓање на министерот онаму каде што тој смета дека е соодветно во законот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи немам пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

59 пратеници гласале, 9 за, 1 воздржан, 49 против амандманот.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 поднесен од пратеникот Ристе Бислимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Бидејќи концепцијата на законот е да не правиме дополнителни оптоварувања на невработените лица за обезбедување на лекарско уверение, кои што предизвикуваат и материјален трошок на истите кој што е во висина некаде од 2500 до 3000 илјади денари и обврска тие да се обезбедуваат два пати во текот на годината, а во конкретниот случај се работи за деца, значи помали од 15 години, во духот на она што го имаме претходно предложено и со другите и за вработување значи на лица над 18 години, сметаме дека ова нема да биде во согласност со духот на она што го имам предложено во целиот концепт на законот и од тие причини амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го залучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 5 за амандманот 1 воздржан 50 против.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 2 поднесен од пратениците Петар Апостолов, Соња Лепиткова и Роза Топузова - Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Во став 2 првиот дел од реченицата е комплетно уредено ова прашање. Вториот дел претставува дополнително оптоварување и сметам дека е во ред амандманот кој што е предложен, што значи се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен, станува составен дел од текстот на законот. Можевте да кажете само се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 1 поднесен од пратеникот Ристе Бислимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 1 точка 4 поднесен од пратеникот Ристе Бислимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, 6 за амандманот, 1 воздржан, 46 против.

Во салата се присутни 62 пратеници. Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 3, поднесен од пратеникот Наташа Биковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓа Биковска, имате збор.

**Наташа Биковска:** Благодарам претседателе,

Членот 22 го регулира начинот на обезбедување на потребите од работници и при тоа во ставот 3 каде што е мојата амандманска интервенција во членот 22, се однесува за јавните установи. Со мојот амандман се предлага задолжително огласот покрај во двата весници да биде објавен и на огласната табла во соодветната служба за вработување. Со тоа сметам дека многу поолеснето, многу поедноставно со посета на Службата за вработување и што е многу битно без трошење на пари секој заинтересиран граѓанин ќе може да ги следи можностите за вработување во јавниот сектор. Весниците не можат да се прецизираат и тоа е доволен аргумент за да биде прифатен мојот амандман и сметам дека со тоа ќе ја потврдиме определбата за транспарентно работење на јавниот сектор и на Агенцијата за вработување.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници гласале, 21 за, тројца воздржани, 34 против.

Во салата во моментот на гласање беа присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 за додавање нов став 5 по ставот 4 поднесен од пратеникот Коста Прешоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Со овој амандман практично се предлага итни и неодложни работи да трајат до три месеци, значи не подолго од три месеци. Тоа прашање е уредено со истиот овој член 22 став 4, каде што стои дека итни и неодложни работи најмногу до 30 дена. Тоа е и во досегашниот закон така да е востановена пракса 30 дена е нормален временски период за итни и неодложни работи, а се натаму може да биде работа на определено време или на неопределено време.

Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Прешоски, имате збор.

**Коста Прешоски:** Благодарам претседателе.

Го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отоворам претрес по амандманот на член 25 за додавање на нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повлете господине минситре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи ова е уредено со член 69.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓица Грковска имате збор.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, колеги пратеници.

Покрај тоа што овој дел е уреден и во други членови, а јас инсистирав кога станувашe збор за претходниот амандман, мислам дека е добро да се уреди и во овие два члена, и во овој член кој што се однесува на правата и обврските на работодавачот каде што се исклучени одредени обврски на работодавачот, кој што се во непосредна врска со работниот однос и сметав дека е исто така важно да стои дека работодавачот не смее да одбие да вработи жена која е бремена и тоа да биде единствената причина заради нејзиното одбивање.

Значи, сметам дека ниту го оптоваруваме законот со ова, туку напротив ги потенцираме и ги оневозможуваме можностите за дискриминација на жените во овој поглед. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеника од кои 13 гласале за амандманот, 2 воздржани и 39 против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отоворам претрес по амандманот на член 25 за менување на став 5 поднесен од пратеникот Ристе Бислимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повлете господине минситре.

**Стевчо Јакимовски:** Јас претходно образложив дека повеќе Заводот за вработување не е потребно да се доставува лекарско уверение односно работодавачот ако смета дека е неопходно лекарско уверение за оној кандидат кој што го избрал за тој кандидат ќе го упати на лекарски преглед на трошок на работодавачот. Амандманот предлага нешто квлиатативна измена, но измена на овој член не можеме да прифатиме, што значи аамандманот се одбива.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам дали некој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника од кои 8 за амандманот, 1 воздржан и 46 против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отоворам претрес по амандманот на член 27 став 1 поднесен од пратениците Петар Апостолов, Соња Лепиткова и Роза Топузова-Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повлете господине министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа, од причини што додавката која што е таму направена е направена по препорака на Законодавно-правната комисија во прва фаза кога се гледаше законот.

Значи амандманот не го прифаќаме.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор?

Господине Апостолов, повелете имате збор.

**Петар Апостолов:** Благодарам.

Во името на предлагачите амандманот го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отоворам претрес по амандманот на член 27 став 2 поднесен од пратеникот Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повлете господине минситре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отоворам претрес по амандманот на член 27 за додавање на нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратеникот Наташа Биковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повлете господине минситре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Биковска имате збор, повелете.

**Наташа Биковска:** Благодарам.

После дополнителните консултации согледав дека не ќе може да се постигне позитивен ефект од практична примена и од изјавите на некои работодавачи и затоа амандманот го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отоворам претрес по амандманот на член 30 за менување на став 2 поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ѓорѓи Пањошковски и Илија Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повлете господине минситре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Во членот 30 се зборува за обврските на работникот вво врска со вршење на работата. Ставот 2 од членот 30 кажува дека во случај определени со закон и колективен договор работникот е должен да врши и друга работа која не е предвидена со договорот за вработување ако е во рамките на степенот на неговата стручна подготовка.

Нашиот амандман го даваме заради појасно дефинирање на изразите кои што се употребуваат овде за да не се доведат во заблуда оние кои што го применуваат, или пак да не се отвори простор за злоупотреба.

Во нашиот амандман во дефиницијата се кажува дека работникот може да биде распореден да извршува други работи кои што не се предвидениси договорот за вработување на секое работно место кое одговара на степенот на неговата стручна подготовка во случаи утврдениси закон и колективен договор. Која е разликата?

Во законот е дадено дека работникот е должен да врши и друга работа во услови кои што се дадени со закон и колективен договор, додека ние велиме дека работникот може да биде распореден да извршува друга работа. Тоа е многу различно, бидејќи покрај својата може да биде присилуван да извршува и друга работа, како што е дадено овде во законот, бидејки е должен, а ние велиме кога има вакви случаи тој може да бидер аспореден да извршува друга работ акоај што ќе биде во согласност со неговата стручна подготовка.

Сметаме дека треба да биде прецизиран законскиот текст за да не се остави широк простор за злоупотреба на неговите потреби. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејки нема други пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеника од кои 6 за, 1 воздржан и 46 против.

Во моментот кога се гласаше во салата беа присутни 61 пратеник, а сега сме 62 пратеника.

Констатирам дека Собраниеот не го усвои амандманот.

Отоворам претрес по амандманот на член 35 за додавање на 3 нови ставови 3, 4 и 5 по ставот 2 поднесен од пратеникот Каролина Ристова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повлете господине минситре.

**Стевчо Јакимовски:** Сметаме дека прашањето за чување на деловна тајна е доволно добро уредено и дека нема потреба од билокакви нови ставови.

Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, кој бара збор?

Бидејки никој нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

(Реакција на пратеникот Каролина Ристова од место)

Ве повикувам да гласаме.

(И понатаму реакција на пратеникот Каролина Ристова од место)

Нема тука поента. Министерот одбиваше и го објаснуваше, а вие не се пријавивте.

(И понатаму реакција на пратеникот Каролина Ристова од место).

Не госпоѓа Ристова, јас сум правичен кон сите, не сте вие први.

Ве молам бидете внимателни.

Значи гласале 51 пратеник. 6 гласале за, 3 воздржани и 42 против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Господине Мавровски што барате?

(Дофрлување од место кое не се слуша).

Па вие барате, а не се уклучувате.

Повелете господине Мавровски процедурално, а потоа госпоѓа Ристова процедурално.

**Спиро Мавровски:** Со ваквото темпо на работење стигнавме до 25-от амандман.

Мислам дека амандманот од госпоѓата Ристова заслужува внимание...

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Процедурално госпоѓа Ристова, повелете.

**Каролина Ристова:** Господине претседателе јас сум шокирана од вашето однесување, затоа што вие треба да бидете во овој дел деловник кој што зборува. Јас уредно се пријавив, а особено поентата кога ги гледаме амандманите е да се види што пратениците предлагаат во однос на содржината на законот, а не вие некакви ваши замислени цаки ги фаќате пратениците. Не е точно дека не се пријавив и немате право да ја злоупотребувате вашата позиција. Јас нов правен институт предлагам со тој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Одиме понатаму.

Отоворам претрес по амандманот на член 46 став 1 поднесен од пратениците Петар Апостолов, Соња Лепиткова и Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повлете господине министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Апостолов имате збор.

**Петар Апостолов:** Благодарам претседателе.

Амандманот го повлекувам од името на другите предлагачи.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отоворам претрес по амандманот на член 46 став 1 поднесен од пратениците Благородна Мингова-Крепиева и Ангел Димиторв. Придружени кон овој амандман и пратениците Цветле Јаневска и Емилија Костаднинова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повлете господине минситре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејки нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Ги молам пратениците да влезат во салата, 58 пратеника имаме.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Сега се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеника од кои 6 гласале за амандманот, 2 воздржани и 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

(Со седницата продолжи да претседава господинот Слободан Најдовски).

**Слободан Најдовски:**

Отоворам претрес по амандманот на член 46 став 1 поднесен од пратеникот Ристе Бислимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повлете господине министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Констатирам дека нема други пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутните 61 пратеник во салата, гласале 56 пратеника.

7 пратеника гласале за амандманот, 4 воздржани и 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 46 став 1 поднесен од пратеникот Ристе Бислимовски.

Отоворам претрес по амандманот на член 48 став 4  поднесен од пратеникот Благородна Мингова-Крепиева и Ангел Димиторв. Кон амандманот се придружиле и пратениците Цветле Јаневска и Емилија Костадинова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повлете господине министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот  се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот  е прифатен и станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

(Реакција на пратениците во салата)

Ве молам ако може да се сослушаме.

Има ли некој од пратениците потреба да се јави за збор. (Нема)

Ако нема тогаш ве молам да продолжиме.

Отоворам претрес по амандманот на член 54 во воведната реченица  поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повлете господине министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот го уредува прашањето на менаџерите. Значи, за менаџерските договори зборуваме. Овде се предлага и експертите да влезат, значи не е место на експертите во делот каде што се уредува прашањето за менаџерите и тие не се во работен однос, па од тие причини амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.
Има збор пратеникот Оровчанец Ѓорѓи.

Повелете господине Оровчанец.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине потпретседателе, денеска сите сме исшокирани. Гледам и министерот е исшокиран од ова, бидејќи долго време бараше каде е амандманот. Не верувам дека го видел, го прегледал и добивме еден лаконски одговор. Јас ќе се потрудам да го прочитам:

"Во членот 54, во воведната реченица, зборовите "се склучуваат договори" (значи со деловните лица односно менаџери), да се заменат со зборовите "се склучуваат со деловни лица, менаџери и експерти, односно стручни лица".

Мислам дека е многу поважно во законот да бидат влезени експертите, затоа што и Владата го повика Тео Вајгел, па прави некој договор, како експерт со овој закон тоа ќе беше законски регулирано. Да не зборувам кои се други експертски можности, меѓутоа и во поглед, јас конкретно наведов во образложението на амандманот дека со приватизациата во здравството се повеќе експерти, кои се верифицирани, ќе се одливаат или регрутираат по приватните здравствени установи. Тоа гледате дека се случува, пред нос ни е.

Со оваа измена, односно со ова дополнување за експертите ќе овозможиме експерти да се ставаат на услуги на јавните здравствени установи, што овозможува нивна конкурентност воопшто, во здравствениот сервис. Мислам дека со ова законот ќе добие и позитивно и дека нема негативно да се одрази.

На крајот на краиштата, ако менаџерите потпишуваат договори, ако на некој начин се раскине договорот, тоа е продукт на нивно слабо работење. Експертите секогаш добро работат и треба да ги внесеме овде.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Оровчанец.

Зборувавте за истиот амандман како и министерот, што значи дека министерот добро го знаел амандманот.

Има збор министерот за труд и социјална политика, господинот Јакимовски.

Повелете господине Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Ова е битен закон. Нормално дека мора да ги прочитаме сите амандмани.

Уште еднаш повторувам дека на ова прашање не му е тука место, затоа што Тео Вајгел не е во редовен работен однос во Владата, примерот што го дадовте. Значи, ова се однесува на лица кои се во редовен работен однос. Менаџери кои склучуваат договор за работа и ги остваруваат сите права и обврски од работен однос во претпријатието, односно правниот субјект во кој што тие го засновале работниот однос.

Вие зборувате за експерти кои, веројатно зборувате за експерти кои хонорарно се вклучуваат и по одредени прашања се ангажираат.

Од тие причини и самиот наслов на членот зборува дека е тоа договор за вработување за договори, за менаџерски договори. Така што местото за експертите овде не им е во овој член.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Повелете господине Стојаноски, имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Кога се работи за одредбите што се однесуваат за менаџерскиот договор, уште при првата фаза од овој закон дискутиравме за тоа во кој дел може да се регулира овој договор во овој закон. И, напорот што е направен од страна на предлагачот се однесува на работниот однос како таков, затоа што останатите одредби што се однесуваат на менаџерскиот договор се регулирани со Законот за трговски друштва.

Прашањето што се отвора со овој амандман се однесува на ангажирање на лица за специфични

работи. На пример хирург или се работи за лице што е специјализирано за одредена работа или треба за одреден временски период да ги заврши тие работи. Тоа може да биде временски лимитирано. Меѓутоа, може да не биде временски лимитирано, но по потреба може да биде ангажирано заради спецификите на дејноста што ја обавува работодавачот.

Она што се однесува на специфичните услови во договорот за вработување, што се наведени во членот 54, не може да се однесуваат на такви лица кои се ангажираат за реализација на специфични работи. Тогаш тоа прашање останува нерегулирано со овој договор и се остава простор нивниот ангажман да биде врз основа на договори за дело што и до сега функционираа. Тоа, навистина претставуваше една девалвација на ангажирањето на тие лица и недоволно законски регулирано прашање.

Значи, сметам дека, доколку министерот смета дека не му е местото тука, во овој член, а се согласува дека ова прашање треба да биде уредено со овој закон, тогаш навистина сметам, како предлагач, треба да поднесе амандман и да се регулира ако треба во посебен член, каде што договорот за стручни лица од страна на работодавачите не би се сметал за договор за работа, туку напротив би бил договор за реализација на одредени услуги во одреден временски период, што ќе значат искористување на нивните специфични стрични способности.

Зборуваме за регулирање на ова прашање, а за начинот на кој што тоа може да се регулира, тоа е веќе прашање на оној кој го изготвува законот.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Господине министре барате збор или реплика?

Збор за реплика има министерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски, три минути.

Повелете господине Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Ова прашање што вие го спомнувате нема потреба од амандмани. Тоа е регулирано со "парт тајм" вработување. Значим, законот има новини, со тоа што е дозволено склучување договор кај повеќе работодавачи. Овие експерти можат да склучуваат договор кај повеќе работодавачи и на тоа да им тече пензиско, инвалидско и здравствено осигурување.

Значи, прашањето што вие го потегнувате е апсолутно апсолвирано со новините што се предложени со "парт тај" вработување, со тоа што се овозможува на овие лица да се подигне и основицата на која што тие се осигуруваат за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување. Така што тоа е битна новина што практично го санкционира ова што вие го предлагате. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика за господинот Стојаноски Блаже.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Се согласувам со министерот дека дел од ова прашање е регулирано на тој начин. Меѓутоа, тоа значи вработување кај повеќе работодавачи истовремено.

Зборуваме са експерт кој е вработен, на пример, во Државна болница. Треба да даде услуги на некоја приватна или обратно ако е во приватна, треба да даде услуги за државна болница. Се работи за специфични моменти каде што нема начин да се ангажира како вработување кај повеќе работодавачи, туку тој начин на ангажирање мора да биде некако регулиран затоа што се работи за специфични и инцидентни ситуации.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Во салата имаме 63 присутни пратеници, можеме да преминеме на гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во текот на гласањето еден од пратениците излезе.

Од 62 присутни пратеници, 57 гласале, од нив 10 за, 1 воздржан и 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 54 во воведната реченица, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

Отворам претрес по амандманот на член 54, поднесен од пратениците Благородна Мингова Крепиева и Ангел Димитров, Цветле Јаневска и Емилија Костадинова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски.

Повелете господине Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Овде се предлага да се внесе и терминот "раководни лица". Правиме разлика помеѓу дел на лица, односно работоводен орган и раководни лица. Раководни лица се смета на лицата кои се со посебни овластувања, значи со понискиот ранг од менаџерскиот тим во претпријатието. Така што не можеме едното со другото да го мешаме.

Од тие причини амандманот се отфрла, односно не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Констатирам дека нема други пријавени за збор.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници, гласале 53, 8 гласале за, 3 воздржани, 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 54, поднесен од пратениците Благородна Мингова Крепиева,

Ангел Димитров, Цветле Јаневска и Емилија Костадинова.

Отворам претрес по амандманот на член 55, поднесен од пратениците Благородна Мингова Крепиева, Ангел Димитров, Цветле Јаневска и Емилија Костадинова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски.

Повелете господине Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Констатирам дека нема други пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници, 52 гласале, од тоа 9 за, 1 воздржан, 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 55, поднесен од пратениците Благородна Мингова Крепиева, Ангел Димитров, Цветле Јаневска и Емилија Костадинова.

Отворам претрес по амандманот на член 57 став 4, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ефтим Манев, Ѓорге Паљошковски и Илија Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски.

Повелете господине Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор пратеникот Стојаноски Блаже.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Добро, предлагачите прво нека се изјаснат, затоа што овој амандман како амандман навистина нема никаква смисла.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Манев Ефтим.

Повелете господине Манев.

**Ефтим Манев:** Најнапред, би сакал во еден дел да го појаснам амандманот, односно да се исправи, затоа што е направена техничка грешка. Наместо зборот "може", треба да стои зборот "лице". Кое нешто укажува дека после зборот "може", запирката се брише и се става точка. Значи, направена е грешка кај зборот "може" со зборот "лице".

Инаку суштината на амандманот се однесува, мислам дека тука ќе треба и министерот малку да поразмисли дали не треба да се прифати или треба, затоа што во ставот 1 од овој член е предвидено колку може да трае најмногу приправничкиот стаж. Тоа е една година, каде што се забранува злоупотреба од страна на работодавците, по однос на примање на работниците, да не ги држат повеќе како приправници.

Ставот 4, на кој што го поднесуваме амандманот, таму стои дека по предлог на одговорното лице, приправничкиот стаж може да се скрати за два месеци. Е сега, нашата интервенција е да скратувањето остане право на работодавецот, бидејќи е во интерес на работникот и сметам дека, ако изоцени одговорното лице дека некој приправник е доволно да обавува приправнички стаж од 5-6 месеци па да помине во редовна работа, отколку да биде приправник, сметам дека е корисно, како за работодаваецот, така и за работникот. Не би можеле да кажеме дека најмногу може да биде намалено за два месеци.

Овој Парламент интервениравме со закон, во Законот за образование, да можат одредени интелигентни луѓе за една година да завршат две години. Мислам дека и во оваа сфера, можеби за некого е доволно да биде приправник и половина година, а не да биде 10 месеци, како што е предвидено, па во тој дел сметам дека треба да има разбирање министерот, во тој дел да имаме поголема ширина, кое нешто го одлучува самото одговорно лице каде што работи.

Тоа е тоа. А она што го говореше Блаже, таму се работи за зборот што го прави амандманот неразбирлив и затоа, наместо "може" само треба да стои "лице". И, запирката се брише, па се става точка, а понатаму се брише делот од ставот 4.

Толку, благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Манев.

Но, вие добро знаете дека ние можеме да расправаме само за амандман, онаков каков што е предложен. Амандманот е вака предложен. Ако е неприменлив, тогаш вие можете да го повлечете, за да не водиме безпредметна расправа. Доколку предлагачот, Владата смета дека треба тоа поинаку да се уреди, тогаш тие можат до крајот на расправата да поднесат амандман. Но, вие останувате на амандманот, без разлика дали е применлив или не е применлив.

Повелете господине Манев.

**Ефтим Манев:** Би сакал да го слушнам министерот. Доколку минситерот има расположение да биде така како што предлагаме, да има поголема слобода за работодавците, ние би го преуредиле. Доколку нема...

**Слободан Најдовски:** Не можете да го преуредите сега, деловнички. Освен, ако предложи министерот.

Во ред, има збор пратеникот Стојаноски Блаже.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Не зависи од министерот, зависи од Деловникот. Меѓутоа од министерот зависи дали ќе поднесе нов амандман со кој што

ќе го регулира ова прашање на начин како што се предлага. Меѓутоа, јас сакам да зборувам токму во контекст на она што се предлага, за начинот на кој што треба да се регулира траењето на приправничкиот стаж.

Она што се предлага, фактички, значи дека одговорнто лице може да рече и по истекот на еден ден од приправничкиот стаж, дека тој приправнички стаж може да заврши. Со тоа се губи и смислата на постоењето на приправнички стаж, доколку се остава на одговорното лице самостојно да определува дали ќе постои или нема да постои како приправнички стаж.

Она околу што може да се размислува е облигаторното траење на приправничкиот стаж, што не треба да зависи од одговорното лице кај работодавачот. Тоа е основната работа. Ако веќе пречи траењето на приправничкиот стаж, што согласно членот 57, стои, а и тоа е проблематично, затоа што таму во точката 1 стои дека приправничкиот стаж може да трае најмногу една година, ако со закон не се определува поинаку, па потоа во точката 2 веднаш вели дека приправничкиот стаж може да се продолжи доколку приправникот работи со работно време пократко од полното работно време, но најмногу за шест месеци, што е фактичко усогласување со одредбите од овој закон што се однесуваат на работното време. Потоа, траењето се продолжува за оправдано отсуство, што трае подолго од 20 работни дена. Тоа е заради потребата да се запази траењето до една година. И, точката 4, она што е сега предмет на дискусија е дека траењето може да се скрати на предлог на одговорното лице, но најмногу до два месеци од првобитно одреденото траење.

Со ова, фактички се кажува дека траењето на приправничкиот стаж е за два месеци, а над два месеци одлучува одговорното лице.

Ако на тој начин се регулира, би ја имало истата содржина што ја има членот 57, меѓутоа ќе се знае по два месеци не може да трае приправничкиот стаж, а една година е крајниот временски период до кога може да трае приправничкиот стаж.

Ако веќе предлагачот на законот сака да го регулира ова прашање, нека наведе дека приправничкито стаж може да трае од два месеци до една година, согласно одлуката на одговорното лице и на тој начин ќе го реши ова прашање во целост.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор министерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски.

Повелете господине Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Мислам дека може да размислиме за евентуални промени, но најмногу до 1/3 од траењето на приправничкиот стаж. Значи, 1/3 е од прилика 4 месеци, ние сме подготвени да интервенираме со амандман од страна на Владата. Но не повеќе од 4 месеци. Значи, 1/3 од вкупното време на приправничкиот стаж.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Тоа е право на Владата да интервенира со амандмани. Предлагачите, доколку сметаат дека е добро, можат да го повлечат овој амандман.

Повелете, има збор пратеникот Манев Ефтим.

Повелете господине Манев.

**Ефтим Манев:** Мислам дека разбирањето и предлогот е користен во однос на законот.

Тоа што го зборуваше Блаже Стојаноски не е така. Не е дека е најмалку два месеци, туку може да се намали за два месеци. Фактички, да трае најмалку 10 месеци. А, не е како што зборе Блаже дека е некоја рамка од два месеци до една година.

Тоа што го кажа министерот е прифатливо и јас би го повлекол амандманот во интерес на целата група што е потпишана. Мислам дека е корисно решение.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 60 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ѓорге Паљошкоски и Илија Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика господинот Стевчо Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Овој амандман го доставуваме со една единствена цел јасно да биде прецизирано дека при извршување на пробната работа, работникот не може да извршува друга работа освен пробната работа договорена при склучувањето на договорот за вработување.

Со тоа правиме дорегулација на членот 60 со кој се регулира пробната работа, тоа усогласување со легислативата на земјите членки на ЕУ. Со оглед дека пробната работа претставува новина во регулирањето на трудовата материја во Република Македонија, имаме дефицит од практични искуства од областа на работодавството во овој дел и сметаме дека амандманот е потребно да биде донесен за да се избегне потенцијалната опасност од прераспоредување и дислокација на работниците заради вршење на други работи од страна на работодавачот освен онаа која двете договорни страни експлицитно ја утврдиле како пробна работа.

Од тие причини бараме подршка од колегите пратеници за овој амандман. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Пред да ве повикам на гласање да провериме колку имаме присутни пратеници.

Немаме доволно пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за преминеме кон гласање.

Сега имаме доволно пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Од пристуни 62 пратеника, гласале 59, од кои 12 за, еден воздржан, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 60 за додавањенов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ѓорѓе Паљошковски и Илија Србиновски.

Отворам претрес по амандманот на член 61 точка 1, поднесен од Комисијата за култура.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот е во насока на подобрување на текстот. Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 61 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Ристе Бислимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот.

**Стевчо Јакимовски:** Овде се зборува за волонтерскиот стаж и како предлог работното искуство за време на стажирањето да се смета како работно искуство, искуство стекнато согласно договорот за волонтерски стаж.

Ние сметаме дека нема потреба од ваков амандман затоа што новина е во овој закон што за време на волонтерскиот стаж сите оние што имаат законска обврска да обавуваат волонтерски стаж склучуваат договор кој се доставува во рок од три дена до Трудовата инспекција. Прашањето на волонтирањето и искуството кое се стекнува со волонтирањето потоа апликација при работа значи онаму каде нема законска обврска за волонтирање, ние ќе го уредиме со друг закон, закон за волонтерски стаж и тоа ќе биде предмет на уредување на друг закон.

Од тие причини амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Блаже Стојановски.

**Блаже Стојановски:** Ова е само санкционирање на фактичка состојба. Волонтерскиот стаж да се смета како работно искуство. Тоа е амандманот. И со другиот закон исто би се третирал.

Прашањето е дали тоа би претставувало стаж на осигурување или само работно искуство? Значи, тие два поими треба да се третираат во овој член. Волонтерот нема склучено договор за работа, работодавачот не му исплаќа придонеси за пензиско осигурување односно пензиско, инвалидско и здравствено осигурува и на тој начин тоа не може да влезе во работен стаж. Меѓутоа, тоа влегува во работно искуство затоа што фактички волонтерот работи на тоа работно место и не може никој да му го одземе правото да му се смета како работно искуство.

Затоа сметам дека ова воопшто не пречи во текстот на законот затоа што не може да се поистоветува стажот на осигурување со работното искуство . Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор министерот.

**Стевчо Јакомовски:** Правиме разлика помеѓу законска обврска за стажирање кај правниците, лекарите, заболекарите. Смислата на овој амандман е стажирањето кај сите останати, како услов за стекнување на работно искуство. Значи, работно искуство, но не време за кое се плаќа пензиско, инвалидско и здравствено осигурување. Тоа не е работен однос, но ова работно искуство кое го стекнуваат поединци со волонтирање било да е во приватни или во јавни претпријатија, јавни институции, ќе биде уредено со посебен закон, имајќи во предвид дека при аплицирањето за одредени работни места се бара одредено работно искуство и овие стажирања да бидат исполнет услов за работно искуство.

Тоа прашање ќе го уредиме со друг закон. Господине Блаже смислата на предложениот амандман е сосема друга од она што вие го кажавте. Тоа што вие го кажавте се однесува исклучиво на оние што со закон имаат обврска да стажираат.

(во 16,32 часот со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието Љупчо Јордановски)

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавено за збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеника, од кои гласале 60, за гласале 11, двајца воздржани, 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 61 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Каролина Ристова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

**Стевчо Јакимовски:** За ова прашање дадов образложение. Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, осум за, четири воздржани, 46 против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 61 за додавање два нови става 3 и 4 по ставот 2, поднесен од пратениците Благородна Мингова-Крепиева и Ангел Димитров, а потоа Цветле Јаневска, Емилија Костадинова, Наташа Биковска, Цветанка Гашоска и Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

**Стевчо Јакимовски:** Овој амандман опфаќа дел од она што претходно го елаборирав.

Втора работа предлагаат да се вклучи право на одредени надоместоци. Ние не можеме тоа со закон да го уредиме затоа што во тој случај би било контрапродуктивно и ако се стави законска обврска за исплаќање на одредени надоместоци, на тие ќе мора да се плаќаат даноци, придонеси, што значи дека би било редовен работен однос односно приправнички стаж, а не волонтерски.

Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, а службите да го утврдат бројот.

(службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата се присутни 62 пратеника.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеника, шест за амандманот, двајца воздржани, 46 против, а во салата има 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 68 став 1, поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Стевчо Јакимовски:** Предложеното решение од член 68 став 1 пошироко го опфаќа поимот статусни промени, ги опфаќа сите видови статусни промени, а со амандманот се предлага конкретизирање што сметаме дека е сосема доволно и опширно опфатено со терминот статусни промени.

Од тие причини не го прифаќаме амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Јашари.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседател, вистина е дека преку овој амандман само се конкретизира што претставува статусни измени, но од друга страна доколку внимателно се анализира овој член од ставот 1 има и јазични грешки и јас сакав не само да го конкретизирам ова, туку и да поправам неколку јазични грешки во овој член.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Стојановски.

**Блаже Стојановски:** Навистина овој член ја регулира ситуацијата кога од една фирма со статусна промена се формираат нови две или три фирми кои треба да претставуваат правни наследници на претходниот субјект.

Со овој член се сакало од статусни промени да ги содржат во себе и договорите за работа кои ги склучил работодавецот од кого произлегле новите субјекти.

Колку е можно ова да се оствари и дали со закон може да се даде обврска затоа што факт е дека односот кој се дефинира преку договорот за работа е однос кој се однесува помеѓу работодавецот, конкретен работодавач и конкретен работник. Не можете согласно закон да прејудицирате преземање на договорите за работа од страна на правните лица кои претставуваат правни наследници на работодавачот кој го склучил првичниот договор за работа.

Во оваа смисла сметам дека е исто во контекст на членот 67 определено е при постапка за престанок на работодавачот да им се исплаќа плати, придонеси од плати за одреден временски период од три месеци, меѓутоа не е определено од кои средства тоа се прави затоа што имаме случаи на престанок на правното лице работодавач, имаме случај на статусни промени на правното лице работодавач.

Во првиот случај имаме случај на стечај или ликвидација, а во вториот случај имаме ситуација на создавање на сосема нови правни субјекти во правниот систем и на тој начин не може со закон да се задолжи фирмата кај која биле вработени работниците да мора да ги префрли тие работници во новите фирми.

Навистина не гледам пречка, тоа претставува директно мешање во кадровската политика на новите правни лица кои се формираат од страна на претходниот правен субјект.

**Љупчо Јордановски:** Имате збор господине министре да дообјасните.

**Стевчо Јакимовски:** Стечајот и ликвидацијата е престанок на постоење на правниот субјект, не е

статусна промена. Овде се мисли на статусни промени кога се раздвојува претпријатие, кога се спојува, кога се отцепуваат делови, нема потреба работниците да склучуваат нови договори, туку со истиот, постоечкиот договор по статусната промена тие продолжуваат да работат.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојановски стечајот е член 67, а ние зборуваме за членот 68, имате една минута контра реплика.

**Блаже Стојановски:** Се јавувам за збор.

Да се разјасниме, статусните промени се однесуваат на член 68 на кој се однесува овој амандман. Делењето на фирмата значи создавање на две, три и повеќе субјекти од таа фирма. Во кој нов субјект ќе биде преземен работникот ако согласно овој закон сите права и обврски и одговорности преминуваат на новиот работодавач, како што велите вие. Значи, тоа прашање не е регулирано. Не може да се регулира без искажување на волја на работникот и склучување на нов договор за работа со новиот правен субјекти, со новата фирма. Можете да кажете дека приоритет при вработувањето кај новите правни лица кои се создале врз основа на статусни промени од претходниот правен субјект имаат лица кои биле вработени во тој правен субјект. Меѓутоа, тој правен субјект ако постои, оној правен субјект од кој произлегле новите правни лица, ако постои, тие се вработени таму и работодавачот ги исполнува правата и обврските кои ги презел со договорот за работа. Ако ги преземе во новиот правен субјект има законски основи за преземање. Значи, склучување на нов договор за работа во постапка која е утврдена со законот. Не можете да прејудицирате по автоматизам дека работниот однос помеѓу ист работник ќе премине од еден на друг работодавач. Тоа е едната работа.

Втората работа во контекст на членот 67 ве прашав од кои прари ќе се надоместат овие трошоци за кои создавате обврска. Тоа се уредува со ако е во стечај во стечајната постапка. . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојановски ќе зборувате по амандманот на членот 67, а потоа по текстот на законот.

**Блаже Стојановски:** Статусна промена претседателе и престанок на работниот однос.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е на член 68 став 1, а не 67. За тоа разговарам, за амандманот на Аднан Јашари.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Јашари, барате збор или реплика?

**Аднан Јашари:** Господине претседател да расчистиме една работа. Статусните промени не подразбираат прекин или престанок на субјектот, туку подразбираат негова трансформација преку она што јас го предлагам што е во однос на спојување, соединување или раздвојување на субјектот. Моја проценка е дека од оваа одредба која е предвидена во членот 68 став 1, е потполно во ред, јас барам само да се конкретизира што всушност претставуваат статусните промени и да се направи тоа што реков порано прецизирање од јазичен аспект. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот.

(нема доволен број)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата, за да продолжиме со гласањето.

Десетте минути за кворум течат.

Повторно ги молам пратениците да влезат во салата тие што излегоа, бидејќи дојдоа другите пратеници.

Сега, службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници.

Благодарам.

Продолжуваме утре во 11,00 часот

(Седницата прекина со работа во 17,00 часот.)